# ПРЕДЛОГ-СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА НА ВЛАДАТА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (2012-2017)

**Скопје, јануари 2012**

# СОДРЖИНА


**I. ВОВЕД ........ 3**

**II. СОРАБОТКА - ДОСЕГАШЕН ПРОГРЕС ........ 5**

*ПОСТОЕЧКА ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА И ПРАКТИКИ ........ 5*

*ОСВРТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА 2007-2011 ........ 7*

**III. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 10**

*КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕКТОРОТ ........ 10*

*НАДВОРЕШНА ОКОЛИНА ........ 13*

**IV. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ ВРЗ КОИ СЕ ТЕМЕЛИ СОРАБОТКАТА ........ 26**

**V. СТРАТЕШКА РАМКА НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 29**

*ВИЗИЈА И ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА 2012-2017 ........ 29*

*СУБЈЕКТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 30*

*СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ПО ПРИОРИТЕТИТЕ ........ 30*

**VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 44**

*ВРЕМЕНСКА РАМКА ........ 44*

*СУБЈЕКТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 44*

*ПОВРЗУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА СО ДРУГИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАЛОЖБИ НА ВЛАДАТА ........ 44*

*ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ ........ 46*

**VII. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА ........ 47**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 49**

*„Владата на Република Македонија цврсто верува дека отвореноста и граѓанското вклучување играат значителна улога во поттикнување на отчетноста, промовирање на иновативноста и развојот, и подобрување на перфомансите (...).*

*Во последните неколку години Владата на Република Македонија превзема голем број на реформи со цел да го подобри доброто владеење, да го забрза економскиот развој, да ги оспособи граѓаните. Во оваа насока дозволете ми да истакнам неколку достигнувања (...)*
*усвојувањето на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор."*[1]

[1] Писмо од министерот за надворешни работи на Владата на Република Македонија по повод пристапување на Р. Македонија кон иницијативата „Отворено владино партнерство", Септември 2011.

# I. ВОВЕД

Во 2007 година Владата на Република Македонија ја усвои првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план 2007-2011. Во неа Владата ја истакна важноста на граѓанскиот сектор во општеството, ги постави основите на нејзината соработка со граѓанските организации и се зазема систематски да ги зајакне основните услови за побрз и поефикасен развој на секторот. Стратегијата се однесува на соработката со здруженијата и фондациите како дел на поширокиот граѓански сектор со цел обезбедување на инклузивен процес и учестов на граѓанскиот секор во креирањето на политиките. Во периодот по донесување на Стратегијата беа превземени низа активности со цел да се спроведат целите и мерките и да се зајакне секторот. По примерот на таа Стратегија, беа донесени и посебни стратегии и документи во кој институциите на државно и локално ниво се заложија да развијат одредени области значајни за работата на секторот и да ги вклучат граѓанските организации во меѓусекторски инцијативи[2].

Со усвојување на стратегија како институционален механизам за соработка помеѓу владите и граѓанскиот сектор, Владата на Република Македонија ги следи Европските и светски трендови во оваа област. Во текот на 2007 година, Владата се приклучи на првиот бран на земји во Европа кои донесоа ваков документ следејќи ги примерите на Хрватска, Естонија, Унгарија, етонија, Велика Британија. Од тогаш до сега повеќе земји во Централна и Иисточна Европа и на Балканот започнаа иницијативи за носење на стратешки документ кој ќе ги постави основите на соработката и ќе го гарантира учеството на граѓаните и граѓанскиот сектор во општествените процеси.

Владата на Република Македонија продолжува да го цени придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во: развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата. Во таа насока, Владата ја усвојува **Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017** имајќи ги во предвид досега постигнатите резултати, но и разработувајќи рамка за идни активности кои ќе овозможат понатамошно зајакнување и развој на соработката со граѓанскиот сектор.

Усвојувањето на Стратегијата е во согласност со Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија[3]. Во Националната Стратегија, Владата го истакна степенот на остварување на соработката и партнерството меѓу Владата и граѓанскиот сектор како значаен фактор во процесот на вкупните реформи во државата.

---

[2] На пример, Стратегија за развој и промовирање на волонтерството на Владата на Република Македонија (2010), Стратегија на Град Скопје за соработка со граѓанските организации (2007).

[3] 2004 година, www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Nacionalna_strategija%2006.09.04.PDF

Истовремено ја изрази заложбата на Владата да го развие секторот и да се зајакне взаемната доверба. Понатаму, во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија - ревизија 2011, Владата се заложи да го поддржува учеството на граѓанскиот сектор во донесување на одлуки и во обезебдување на социјалните услуги, да работи на понатамошен развој на граѓанскиот сектор особено во руралните средини, како и да ја спроведе новата стратегија за соработка со граѓанските организации. Исто така, Стратегијата вградува принцип вградени во Лисбонскиот договор[4], и во други документи на Европската унија и Советот на Европа кои се однесуваат на граѓанските организации и учеството на граѓаните во демократските процеси.[5]

[4] Види член 10 и 11. Потпишан во 2007 година, стапил на сила од 2009 година.

[5] Резолуција на Европскиот парламент за Перспективите за развивање граѓански дијалог според Лисабонскиот договор, P6_TA(2009)0007, 13 јануари 2009 година; Европска комисија: Бела книга за европско владеење, COM(2001) 428, 24 јули 2001 година; Совет на Европа, Препорака Rec (2001) 19 на Комитетот на министри на земјите-членки за учеството на жителите во локалниот јавен живот, 6 декември 2001 година, и други.

## II. СОРАБОТКА - ДОСЕГАШЕН ПРОГРЕС

### ПОСТОЕЧКА ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА И ПРАКТИКИ

Со *Иницијативата за формирање на Одделението за соработка со невладините организации*,[6] која Владата ја усвои во ноември 2004 година, експлицитно се искажува нејзината волја да изгради односи на доверба и соработка помеѓу неа и секторот. Со неа Република Македонија беше меѓу првите земји во регионот да воспостави посебно одделение чија функција е да ја гради и развива соработката со граѓанскиот сектор.

Во функција на наведените определби во Иницијатата, Одделението за соработка со невладините организации функционира во Секторот за анализа на политиките и координацијата при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Една од основните улоги на Одделението е да биде заедничка точка за контакт за размена на информации и соработка, да ги координира активностите за соработка и да известува и предлага мерки за подобрување на соработката.

Одделението учествуваше во донесување на Стратегијата од 2007 година и редовно подготвува годишни извештаи до Владата за нејзиното спроведување. Одделението организира средби со граѓанските организации, фокус групи за разговор по одредени извештаи, програми и планови, како и учествува на настани од секторот. Од 2007 година па наваму беа организирани бројни обуки и студиски посети со цел да се зајакнат капацитетите на вработените на Одделението.

Со донесување на Законот за здруженија и фондации и кодексите за финансирање и учество во креирање на политиките на Одделението за соработка со невладини организации му се доделени значајни функции со цел овие документи ефикасно да се спроведат. *Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија* го обврзува Одделението да објавува јавни повици за финансирање од Буџетот на Република Македонија и еднаш годишно да ја известува Владата за користењето на распределените средства, како и за постигнатите резултати од поддржаните активности на организциите.

*Во согласност со Кодексот на добри практики за учество* Одделението за соработка со невладини организации објавува на својата веб страница предлози од организациите, дава повратни информации по добиените предлози, подоготвува извештаи за консултациите по добиени мислења од органи на државна управа, објавува повик за придонес во подготвување на

[6] Иницијатива за формирање на Одделението за соработка на Владата со невладиниот сектор во Република Македонија, ноември 2004 година.

годишната Програма за работа на Владата, го следи спроведувањето на кодексот и секои две години доставува извештај за спроведувањето и препораки за подобрување на истиот. Одделението исто така почна да објавува информации за консултации во соработа со надлежни органи, согласно информациите добиени од тие органи.

Една од основните предизвици со кој се соочува Одделението за соработка со невладини организации е неговата организациска поставеност во рамките на Секторот за анализа на политиките и координација во рамките на Генералниот секретаријат на Владата. Одделението се води од процедурите за комуникација кои важат за сите органи на државната управа. Но тие процедури се долги и  понекогаш доведуваат до ненавремено реагирање на релевантни барања или случувања од и во граѓанскиот сектор. Исто така, ваквата поставеност не дозволува да се оствари директната комуникација со другите повисоки инстанци на органите на државната управа.  Граѓанските организации  истакнуваат дека Одделението не е доволно видливо во јавноста. Природата на работа, одговорностите и деловниот план на Одделението бараат поголема флексибилност во однос на комуникацијата со другите субјекти.

Одделението за соработка со невладини организации воспостави *интерна (функционална) мрежа на државни службеници во министерствата одговорни за соработка со граѓанскиот сектор*, а беа усвоени и препораки за соработка на Одделението со одговорните државни службеници кои се номинирани од министерствата, а задолжени за соработка со граѓанскиот сектор. За подобра координација, Одделенито периодично организира состаноци со одговорните државни службеници во министерствата и врши редовна комуникација и взаемно информирање во насока на успешна имплементација на Стратегијата.

Сите министерства номинирале лица за контакт за соработка со граѓанските организации коишто се поврзани во меѓуинституционална мрежа координирана од страна на Одделението за соработка со невладините организации. Соработката помеѓу министерствата и граѓанските организации се остварува преку следниве форми:

- консултации при донесување на политики и закони;
- вклучување во работни групи, работни тела и слични органи основани од министерството;
- изработка и спроведување на заеднички проекти финансирани од министерството, кофинансирани од организациите, или финансирани од др донатори;
- директно финансирање на активности на организациите;
- доделување на овластувања да превземаат одредени активности;
- информативни настани;
- вклучување на организации во регионални и меѓународни иницијативи.

Одделението има своја веб страница www.nvosorabotka.gov.mk која служи како централна страна за информации и координиција, каде може да се

најдат информации за состојбите на граѓанскиот сектор, соработка со други органи, повици и огласи од интерес на секторот, активности на актерите, но исто тка оваа страница придонесува и кон зголемување на консултативниот процес со здруженијата и фондациите при изготвување закони и креирање на политки.

## ОСВРТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА 2007-2011

Првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанските организации беше донесена во јануари 2007 година, заедно со Акциски пан во кој беа разработени специфицичните мерки и активности за спроведување на целите на Стратегијата. Генералниот секретаријат - Одделението за соработка со невладини организации имаше главна улога да го координира и следи спроведувањето на Стратегијата и да ја известува Владата за текот на активностите. Ресорните министерства и другите органи органи на државна управа според областа на дејствување, беа одговорни за спроведување на одделни мерки и активности.

Спроведувањето на Стратегијата 2007-2011 се следеше преку неколку месечни известувања од страна на министерствата и годишни извештаи кои ги изготвува Одделението за соработка со невладини организации.[7] Во декември 2010 година беше подготвен и сумарен извештај за спроведувањето на Стратегијата како и извештај за механизмот за координација на органите на државната управа одговорни за спроведување на Стратегијата.[8]

Стратегијата од 2007 година имаше поставено седум цели за кои беа предвидени конкретни мерки и активности во акцискиот план што беше усвоен со неа: (1) надградување на правната рамка; (2) учеството на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките; (3) остварување меѓуинституционална соработка; (4) остварување меѓусекторска соработка; (5) вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европската Унија; (6) создавање поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор; и (7) постојан развој на граѓанскиот сектор.

---

[7] Извештаите се достапни на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk

[8] Извештај за прогресот на спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) за периодот јануари 2007–декември 2010 година, Емина Нурединоска, 2010 и Воспоставување на ефикасен координативен механизам со другите владини институции релевантни за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, Никица Кусеникова, 2010. Извештаите беа подготвени во рамките на проектот „Техничка поддршка на Генералниот секретаријат-Сектор за анализа на политиките и координација“ поддржан и раководен од Делегацијата на Европската Унија во Скопје.

Горенаведените документи за спроведување на мерките од Стратегијата ги истакнаа следниве *генерални заклучоци* за начинот на спроведување на документот:

- Стратегијата генерално се спроведува успешно, со различен степен на реализација на активностите;
- Одредени органи на државната управа ги усогласуваат своите програми со мерките од Стратегијата;
- Надградбата на правната рамка и донесените неколку закони на партиципативен начин се клучните достигнувања;
- Недоволното системско вклучување во креирањето на политиките и недоволниот развој на граѓанскиот сектор во руралните средини се недостаток;
- Недоволно спроведување на мерките кои целат да ја подобрат финансиската оддржливост на граѓанскиот сектор;
- Поставеноста на Одделението за соработка со невладините организации во хиерархијата на Генералниот секретаријат, не секогаш ја дава потребната отвореност кон граѓанскиот сектор и ефикасна функционалност во однос на координирањето на активностите за спроведување на Стратегијата.

Како најважни *специфични резултати* се истакнати следниве:

- Донесен е Законот за здруженија и фондации во 2010 година и подзаконските акти. Законот е основен документ кој го регулира правото на здружување и работата на грѓанските организации. Законот е усогласен со Европската конвенција за човекови права и цели да ја подобри финансиската состојба на организациите;
- Воведени се измени во правниот систем со цел да се обезбеди достапност на предлог-законите на веб-страниците на министерствата кои ги подготвуваат тие предлози и на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР);
- Назначени се одговорни лица за соработка со граѓанските организации во ресорните министерства и развивање систем за размена на информации и консултации;
- Вклучени се граѓанските организации во меѓусекторски советодавни тела и спроведување заеднички проекти, како што е на пример, Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија и Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата;
- Вклучени се на претставници од граѓанските организации во работните тела кои се формираат со цел следење на оперативните програми од ИПА како и нивно консултирање за проектните фишеа;
- Донесен е Кодексот за добри практики за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија во 2007;
- Усвоен е Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики на Владата во 2011;
- Донесени се Законот за волонтерство во 2007 и Стратегија за промовирање и развој на волонтерството во 2010 година.

Како области и мерки кои треба *особено да се развиваат* во иднина се истакнати следниве:

- Поактивно вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување на одлуки и Европските интеграции, особено во подготовката и усогласувањето на националните развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи;
- Поголема транспарентност во процесот на донесување на закони, планирање на буџетот и ажурно објавување на предлог законите на веб страниците на министерствата и ЕНЕР;
- Подобрување на финансиската оддржливост на граѓанските организации, особено преку остварување на мерките во Стратегијата предвидени во оваа област (буџетско финансирање, финансирање од лотарии, филантропија);
- Содавање на систем за вклучување на граѓанските организации во спроведување на активностите на органите на државна управа во согласност со нивниот ресор и учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки;
- Пренесување на јавни овластувања на граѓанските организации и развивање на јавни-приватни партнерства како можност за унапредување и јакнење на соработката.

Согласно досегашното искуство во спроведување на Стратегијата и мерките во неа, истакнати се следниве *генерални препораки*:

- Реализирање на мерките кои што имаат последователен ефект за реализација на другите мерки предвидени со Стратегијата (на пример, зајакнување на капацитетите на владините службеници, воведување мерки за објавување на предлог закони на веб страници);
- Зголемување на улогата и самостојноста на Одделението за соработка со невладините организации;
- Подобрување на механизмот за комуникација и координација меѓу одговорните државни службеници за спроведување на Стратегијата и размена на информации и консултации поврзани со постојните активности, и како и коордиацијa при планирање;
- Обезбедување буџет за спроведување на Стратегијата и другите програмски активности на Одделението;
- Воспоставување на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

# III. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Зачетоците на граѓанското општество во Македонија се појавуваат уште од периодот на националната преродба (крај на XIX, почеток на XX век), но својот подем овој сектор го добива по осамостојувањето на државата во 1991 година и особено по донесување на првиот Закон за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година, кога организациите можеа да се регистрираат како независни субјекти за различни видови на активности.

Литературните и културните кружоци од крајот на XIX и почетокот на XX век, добротворните здруженија кои функционирале пред Втората светска војна и бројните секторски општествени организации (од 1945 година) ја обезбедуваа основата за појава на културни, спортски и професионални организации. Во тој период функционираа општествени организации, асоцијации и здруженија, како што се Црвениот крст на Македонија, Организацијата на жените, Сојузот на синдикатите, Стопанската комора и различни интересни групи. Во периодот на транзицијата голем број граѓански организации беа основани со цел да дадат одговор на тогаш актуелните општетствени потреби, а во текот на 90тите нивниот број значително се зголеми и нивната улога стана особено значајна за развојот на општеството, поврзување со иницијативи во други земји и хумантирани активности во кризни состојби.[9]
Во последниве неколку години бројот на организациите забележи значителен пораст - до 2010 година во Република Македонија беа регистрирани 11.457 здруженија и фондации. Согласно новиот Закон за здруженија и фондации кој беше донесен во 2010 година, организациите требаше да се пре-регистрираат; бројот на пре-регистрирани организации до октомври 2011, изнесуваше 3,506.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕКТОРОТ

Во последнава година беа направени неколку анализи на состојбата на граѓанскиот сектор со цел да се утврдат приоритети за програми на разни донатори во функција на понатамошен развој на секторот[10] кои се земени

[9] За повеќе информации види: Долг пат до поголем граѓански ангажман - Аналитички извештај, ЦИВИКУС: Индекс на граѓанското општество во Република Македонија, изготвен од Македонскиот центар за меѓународна соработка (2011)

[10] За изработка на овој дел се користени и директно цитирани следниве анализи: Извештај за напредокот на државите од Западен Балкан, дел за Македонија, Европска Комисија 2011, Европска Комисија, Долг пат до поголем граѓански ангажман - Аналитички извештај, ЦИВИКУС: Индекс на граѓанското општество во Република Македонија, изготвен од Македонскиот центар за меѓународна соработка (2011); Индекс за оддржливост на невладините организации во централна и источна Европа во 2010, УСАИД (2011); Заклучоци од 5тиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија, оддржан на 18.10.2011; Општествената одговорност на граѓаните, МЦМС 2009; Даночното опкружување на

во предвид при подготовка на оваа Стратегија. Од овие извештаи можат да се извлечат неколку генерални и специфични заклучоци за состојбата на секторот.

Генерално, според анализата на *ЦИВИКУС Индекс на граѓанското општество во Република Македонија* од 2011 година, граѓанското општество во Македонија е оценето како *„умерено развиено"*. Според мерките на оваа анализа, тоа значи дека степенот на институционализација и практикување на вредности е развиено. Организациите особено промовираат ненасилство, толереанција и се залагаат за транспарентност и внатрешна демократија. И Индексот на УСАИД забележува дека организациите се појаки и имаат подобро развиена внатрешна структура и внатрешна организација согласно добрите принципи на управување.

Од друга страна, во последниве години забележано е дека се поголем предизвик претставува одржливоста на секторот која е сеуште многу слаба и во однос на капацитетите на организациите и во однос на факторите од надворшната околина што влијаат на тоа (правна рамка за финансирање, придонес од локалната заедница, влијание од другите сектори итн). Поради ова влијанието врз општествените проблеми и политики е умерено или просечно, додека граѓанскот ангажман во активностите на организациите е мал.

Според податоците на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за 11,350 организации се заклучува дека буџетите на граѓанските организации (здруженија и фондации) се многу мали. Најголем дел од нив (85%) имаат годишен буџет до 100.000 денари (види Табела 1), а само 5 организации имаат буџет над 100.000.000 денари.11 Ова е значаен показател кој треба да се зема во предвид кога се планираат политики и закони кои влијаат на работата и развојот на секторот.

| Годишен буџет (во денари) | Број на ГО |
|---|---:|
| 0 – 100.000 | 9.636 |
| 100.001 – 500.000 | 672 |
| 67500.001 – 1.000.000 | 325 |
| 1.000.001 – 5.000.000 | 488 |
| 5.000.001 – 10.000.000 | 106 |
| 10.000.001 – 50.000.000 | 107 |
| 50.000.001 – 100.000.000 | 11 |
| Над 100.000.000 | 5 |
| **Вкупно здруженија и фондации** | **11.350** |

граѓанските организации во Република Македонија, МЦМС 2011, Транспарентност и учество на јавноста во процесите на донесување закони: Компаративен преглед и проценка на состојбата во Македонија, ОБСЕ, МЦМС, ЕЦНЛ, 2010

[11] Презентација: „Надзор врз субјектите и начини на вршење на истиот", од Петар Ристовски (03.03.2011), Управата за спречување на пари и финансирање на тероризам

*Табела 1: Годишен буџет согласно прикажаните годишни приходи во завршните сметки*

Понатаму, генерално се забележува е дека постојат значителни разлики помеѓу организациите кои работат во градовите и оние во рурални средини. Поконкретно, организациите кои работат во поголемите градови се поразвиени и поактивни во процесите на национално ниво додека оние во руралните средини немаат доволно капацитети ниту оддржливост да можат значително да придонесуваат во развојот на општеството. Поради тоа, постои потреба да се поттикне развојот на организациите во руралните средини. Ова особено што според анализите најголем број од граѓанските организации работат на локално ниво, но од друга страна најмногу влијание и присутност имаат помал број поголеми организации кои истовремено имаат добри практики на внатрешно управување и поголемо влијание во општествените процеси.

Граѓанските организации се активни во поддршката на евроинтеграциските процеси на земјата. Најчесто нивните активностите се поврзани со промоција и одбележување на значајни настани поврзани со историјата и општо со вредностите кои ги практикува Европската Унија. Организациите активно ги следат процесите на пристапување кон Унијата, децентрализација, транпаретност и судски реформи и редовно со конструктивни препораки придонесуваат кон развојот и подобрување на процесите. Дел од организациите спроведуваат и обуки за јакнење на капацитетите и на администрацијата и на граѓанските организации за ИПА и општо за Европската Унија, како и јакнење на свеста за интеграциите и мониторинг на прогресот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

Организациите недоволно развиваат свои политики за комуникација со јавноста и недоволно ги користат медиумите за промоција на активностите. Од друга страна постои мал интерес од медиумите и новинарите да ја разберат и промовираат улогата и достигнувањата на граѓанскиот сектор. Активности за подобрување на капацитетите на граѓанските организации во оваа сфера се повеќе се развиваат и забележани се почести известувања во медиумите за секторски инцијативи.

Според истражувањата[12] идентификувани се следните специфични карактеристики и *силни внатрешни страни*:

- Граѓанскиот сектор е најактивен во областа на човековите права, еднаквоста, на развојот на децентрализацијата и поддршка во наспроведувањето на Рамковниот договор.
- Граѓанскиот сектор продолжува да остварува најголемо влијание во оспособувањето на граѓаните и обезбедувањето услуги за општествените потреби.
- Граѓанските организации се повеќе комуницираат и соработуваат меѓусебе, создаваат платформи во полињата кои

[12] Особено на Цивикус и Индексот на УСАИД

дејствуваат и се организираат во ад-хок групи за подобро да влијаат во општествените процеси и случувања.
- Граѓанските организации подобро од порано се поврзуваат со групите и заедницата кои ги претставуваат и се обидуваат да ги претставуваат нивните интереси.
- Граѓанскиот сектор се карактеризира со ниско ниво на корупција.
- Организациите се повеќе ја јакнат транспрантноста во работата преку објавување на информации и извештаи на нивните веб страници.

Истите истражувања ги истакнуваат следниве *слабости* на секторот:
- Недоволна финансиска оддржливост.
- Недоволен развој на внатрешни стратегии за развој и управување.
- Недоволна активност во стимулирање на општествената одговорност на граѓаните, односно во граѓанскиот ангажман и соработка со други субјекти.
- Човечките ресурси се една од послабите карактеристики на граѓанскиот сектор, поради малиот број професионално ангажиран персонал.
- Граѓанските организации немаат соодветен капацитет за да бидат активно вклучени во процесите на донесување закони. Особено недостасува добра експертска подготовка и експертиза за одредени прашања.

## НАДВОРЕШНА ОКОЛИНА

Надворешната околина ја карактеризира правната рамка која го поттикнува развојот и оддржливоста на секторот, факторите за учество и влијание на секторот во процеси на донесување на политики и закони, активно вклучување на граѓаните во активностите на секторот, поддршка од државата, локалната заедница за работата на секторот, дијалог и соработка со другите субјекти во општеството и вклучување на секторот во иницијативи за подобрување на економската состојба и социјален развој. Во однос на овие област и активности со кои се занимаваат организациите нотирани се следниве констатации.

### *1) Правна рамка за основање и работа на организациите*

Основната правна рамка за основање и работење на организациите е подобрена со донесување на *Законот на здруженија и фондации* од 2010 година.[13] Законот цели да постави основи за понатамошен развој и оддржливост на организациите и да го хармонизира македонскиот правен систем со регулативие и добрите практики во Европската Унија. Законот претставува значајна новина бидејќи:

[13] Службен весник на РМ број 52/2010

- ја прошири слободата на здружување на малолетници, странци и правни лица;
- содржи одредби кои даваат подобри насоки за внатрешно управување;
- дозволува директно вршење на дејности со кои се стекнува добивка што е важен извор за финансирање на организациите;
- го воведе статусот на организации од јавен интерес, што е предуслов за воведување на дополнителни даночни бенефиции.

Статусот на организации од јавен интерес го дава Владата на предлог на Комисија за организации од јавен интерес составена од претставници на министерствата и граѓанските организации. По донесување на законот, Министерството за правда ги донесе сите правнилници потребни за спроведување на овој закон. Во септември 2011 година се донесе *Закон за дополнување на Законот за здруженија и фондации*[14] со кој се измени постапката за регистрација на организациите во случај Централниот регистар да не донесе решение во предвидениот рок.

Функционирањето на граѓанските организации е условено и од други закони. *Законот за сметководство на непрофитни организации*[15] го регулира финансиското работење на организациите. Законот воведува полесен финансиски третман за помалите граѓански организации, но во моментов се предлага негово изменување.[16] Исто така, значаен е и *Законот за лобирање*[17] кој ги засега организациите особено во нивните напори да влијаат на процесите на донесување на закони. Досега има регистрирано само еден лобист во регистарот, што укажува на потребата да се направи оценка на законот и неговото спроведување со цел истиот да се подобри.

*Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам*[18] е најнов закон кој ги изедначува здруженијата и фондациите со финансиските институции и наведува одредени обврски за организациите (на пример да развијат програми и постапки за спречување на перење на пари и тероризам, како и да назначат оддел за оваа материја доколку имаат над 50 вработени). Во текот на 2011

---

[14] Службен весник на РМ бр.135/2011. Причини за дополнување на Законот е воведување на принципот „Молчењето значи одобрување" и усогласување со Законот за општата управна постапка како и со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

[15] Објавен во Службен весник на РМ бр.24/2003. Види исто: Одлука на Уставен Суд на Република Македонија, У.бр.20/2005, и Закон за изменување и дополнување на законот за сметководството за непрофитните организации, Службен весник на РМ, бр. 17/2011

[16] Во моментов, Министерството за финансии подготвува измени на законот со кои предлагаат да го прошират кругот на организации кои треба да поднесуваат годишни сметки. Види: План за спроведување на проценка на влијание на регулативата, Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за непрофитните организации, Ноември 2011, Министерство за финансии, (SFS_03_25112011), http://ener.gov.mk

[17] Службен весник на РМ бр 106/2008, Одлука на уставен суд, У.бр.232/2008 од 13.01.2010, Закон за дополнување на законот за лобирање, Службен весник бр 135/2011.

[18] Службен весник на РМ бр 4/2008, и измени на законот објавени во Службен весник на РМ бр. 57/2010, и бр. 35/2011.

беа оддржани средби со граѓанските организации за да се информираат за законот и во текот на расправите беше искажан интерес да се утврди подетално како овој закон влијае на работата на организациите.

## 2) Оддржливост на секторот

Генерална оценка е дека одржливоста на граѓанските организации е многу слаба со оглед на тоа што тие доминантно се финансираат од странски донатори, додека финансирањето од домашни извори е помалку застапено. Покрај странските донатори, доминантни извори на финансирање се грантови од Владата, членарини и сопствени извори на добивка. Најмало учество во финансирање имаат донациите од индивидуални лица и деловниот сектор.

До донесување на Законот за здруженија и фондации во 2010 година организациите можеа да се занимаваат со *дејности за стекнување добивка* само преку основање на деловни субјекти. Со донесување на овој закон, Владата создаде услови за директно само-финансирање, што е од особено значење за нивната оддржливост бидејќи дозволува организациите да ги развијат своите портфолија и да бидат иновативни во спроведувањето на активностите, а истовремено да имаат пристап до независен извор на приход. Друг извор на добивка се и каматите од резервни фондови, но организациите во Македонија не доволно ги користат овие можности.

Законот за здруженија и фондации предвидува дека граѓанските организации имаат *даночни и царински олеснувања* во согласност со закон. Даночните бенефиции за граѓанските организации се дефинирани со законите за данок на добивка, персонален данок на доход, данок на додадена вредност, за донации и спонзорства во јавни дејности и други. Граѓанските организации се од непрофитен карактер и несмеат да распределуваат добивка како приход, но сепак тие се дел од широкиот опфат на дефиницијата во субјекти даночни обврзници за данокот на добивка. Со воведување на статусот на организации од јавен интерес, Законот за здруженија и фондации воведе одредба која предвидува организациите со овој статус да можат да добијат поголеми даночни и царински бенефиции. Според тоа, следниот чекор е да се утврдат области каде ќе можат да се пропишат вакви бенефиции и да се утврдат генерално даночни олеснувања кои ќе го поттикнат развојот на организациите.

Во оваа насока, една од мерките е измени на *Законот за донации и спонзорства во јавни дејности*[19] со цел да се поттикне поголема финансиска поддршка од граѓаните и деловниот сектор, кои ги подготвува Министерството за правда. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности беше донесен во април 2006 година, а почна да се применува во

[19] Службен весник на РМ бр 47/2006, и измени објавени во Службен весник на РМ бр. 86/08 и 51/2011.

2007 година.[20] Законот, за прв пат во Македонија, овозможи граѓаните и претпријатијата да добијат даночни олеснувања за донации и спонзорства во области од јавен интерес и тоа на здруженија, фондации и поширок круг на приматели (до тогаш даночни намалувања беа предвидени само за донации кон Црвениот крст и државни институции). По донесувањето на Законот, беа донесени и подзаконските акти, а во 2011 беше изменета постапката за потврдување на јавниот интерес.[21] Според истражувањата, две третини од граѓаните на Р. Македонија сметаат дека даночните бенефиции се важен стимул за донирање, но, досега е забележан мал број на индивидуални лица кои ги користат овие бенефиции. Деловните субјекти исто така им придаваат значење на даночните бенефиции – 71% сметаат дека тие се многу важни и дополнителни 18% дека се важни.[22]

Во однос на *државното финансирање*, забележано е дека постои подобра правна рамка за транспарентно дистрибуирање и одговорно користење на средства по донесување на *Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите од Буџетот на Република Македонија.* Во текот на последниве шест години Владата издвојува средства од Буџетот за финансирање на „невладините организации“. Овој термин е широк и вклучува не само здруженија и фондации туку и други субјекти на граѓанското општество. Поради тоа средствата се расределуваат на поширок круг организации и претежно се наменети за спроведување на проектни активности. Министерствата исто така доделуваат грантови директно до организациите во областите во кои соработуваат, но постои потреба да се подобри начинот на кој се доделуваат овие средства и да се зголеми транспарентноста во процесот на доделување и користење на средствата.

Владата доделува средства и врз основа на Законот за игри на среќа и забавни игри.[23] За таа цел секоја година се носи одлука за распределување на приходите од игрите на среќа и од забавните игри. Средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство, за Црвениот крст на Република Македонија и за финансирање на спортот. Игрите на среќа се значаен извор на поддршка на граѓанските организации во земјите на Европската Унија и помагаат во развојот на целокупниот сектор не само на одреден број организации.[24] Согласно Еврсопските практики и домашните

---

[20] Службен весник на Р. М. бр. 47/06

[21] Измени и дополнувања на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Службен весник на Р. М. бр. 51/11

[22] „Закон за донации и спонзорства во јавните дејности – имплементација и главни предизвици“, Никица Кусиникова во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), мај/јуни 2010.

[23] Службен весник на РМ бр. 24/11, и измени на законот објавени во Службен Весник на РМ бр 51/2011 и 148/2011.

[24] Види: Средствата од лотариите како алатка за поддршка на добри цели и граѓански организации – среќа или планиран концепт (Lottery Proceeds as a Tool for Support of Good

потреби треба да се направат чекори за да се подобрат можностите повеќе граѓански организации да ги користат овие средства и во Македонија.

Во последниве неколку години забележани се неколку инцијативи со цел да се зајакне поддршката од Владата кон организациите, преку транспарентно доделување на средства во практиката, проширување на кругот на корисници на средства од игрите на среќа, утврдување на точен износ средства што би се одвоиле конкретно за здруженијата и фондациите, и поттикнување на институционалниот развој на организациите.

Како што е беше напоменато, активностите на граѓанските организации претежно се поддржани од *странски донатори*, а помалку од домашни извори. Тоа претставува предизвик за финансиската оддржливост на секторот бидејќи бројот и обемот на странски донации се повеќе се намалува. Најчесто поддршка за сега организациите добиваат од Европската Унија, Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) и Швајцарската агенција за развој и соработка. Но постојат и други организации и програми кои финансиски и програмски го поддржуваат развојот на секторот и неговото учество во општествените процеси (на пример, Организацијата за економска безбедност и соработка - ОБСЕ[25], Амбасадата на Соединетите Американски Држави). Граѓанските организации користат средства и од регинонални донатори (на пример, Балкански фонд за демократија, Европски фонд за Балканот и други).

| **Кус преглед на поддршката од странските донатори** |
|---|
| Поддршката на Европската Унија[26] на организациите директно во Македонија се одвива уште од 1992 година преку различни програми. Во 2007 година започна финансирање преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Организациите имаат пристап и до други фондови како што е Европскиот инструмент за демократија и човекови права. Исто така, на ниво на Европска Унија, сами или заедно со органите на државна управа поднесуваат предлози заеднички проект.[27] Проектите финансирани под ИПА |

Causes and Civil Society Organizations – A Fate or a Planned Concept?), Катерина Хаџи-Мицева Еванс, 2011

[25] Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува развојот на институциите и граѓанското општество преку финансирање на проекти и активности на граѓански организации во повеќе сфери, а особено владеење на правото, добро управување и реформи во полицијата. Одделот за владеење на правото поддржува активности за подобрување на законодавниот процес вклучително и обезбедувањето на вклученоста и консултациите со јавноста и граѓански сектор. Во изминати години Мисијата на ОБСЕ соработуваше со Одделението за соработка со невладини организации како и со бројни граѓански организации во подобрување на климата за функционирање на секторот.

[26] http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/projects/overview/index_en.htm

[27] На пример, во мај 2010 година, Министерството за економија потпиша Договор за грант со Европската Комисија за проектот: „Поддршка на реализацијата на Националната Агенда за општествена одговорност на претпријатијата во Република Македонија“. Партнери на Министерството за економија од граѓанскиот сектор во овој проект се:

имаат за цел да го развијат демократското општество и граѓанскиот сектор и директно финансираат активности на организациите. ИПА програмите се насочени и кон техничка поддршка за зајакнување на соработката помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, особено преку градење и зајакнување на институционалните структури за соработка, дијалог и финансирање, како и развој на капацитетите на органите на државната управа и на организациите во овие области. Значјна поддршка за развој и дијалог на организациите е инструментот *„Структура за поддршка на граѓанското општество“*[28] (Civil Society Facility) основан во рамките на ИПА. Тој цели да даде поддршка на локалните и националните иницијативи и градење на капацитетот на организациите, да организира програми за посета на институциите на Европската Унија и да помогне партнерски активности меѓу организациите во земјите корисници и ЕУ.

УСАИД[29] го поддржува развојот на граѓанскиот сектор уште од 1993 година со континуирано финансирање на проекти и активности на граѓански организации во повеќе сфери. Канцеларијата за демократија и локална самоуправа поддржува активности за подобрување на правната рамка за работење на секторот и донесување на законите во оваа област. До 2010 година финансираше активности за институционален развој на секторот, локални партнерства, развивање способности за застапување и поддршка на разни иницијативи, развој на филантропија, волонтерство и слично. Во 2011 година, УСАИД го објави новиот четиригодишен тендер за директна поддршка на граѓански организации во сферите на граѓански активизам, учество на национално и локално ниво, лобирање и соработка помеѓу организациите.

Швајцарската агенција за развој и соработка претставена од канцеларијата за соработка во Македонија (SDC), ја започна *Програмата за поддршка на граѓанско општество CIVICA Mobilitas* која цели да го зајакне капацитетот на граѓанските организации и нивната одржливост. Програмата ги поддржува активностите на граѓанските организации во следниве области: следење на работата на органите на локалната самоуправа, особено во давањето на јавни услуги, вршење надзор на финансиските, буџетските и сметководствени практики во јавните финансии,промовирање и поддршка на општествено одговорното работење во рамки на приватниот сектори поттикнување меѓуетничкиот дијалог во сите сфери на општеството.[30]

„Македонска развојна фондација за претпријатија“ и Здружението „Конект“, кои се одговорни за имплементација на две компоненти од Проектот. http://www.oop.mk/proekt.html

[28] http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/civil_society_dialogue/index_en.htm

[29] http://macedonia.usaid.gov/Documents/USAID%20Aniversary%20Brochure_web.pdf

[30] Програмата се спроведува од Центарот за институционален развој (ЦИРа), www.civicamobilitas.org.mk

## 3) *Учество во креирање јавна политика, донесување закони и Европска интеграција*

Во последниве неколку години забележано е дека граѓанските организации се повеќе се вклучуваат во *процесите на креирање политики и донесување закони*. Постојат неколку документи кои ја даваат основата за вклученост на јавноста во процесот на донесување закони, а особен напредок во таа насока е донесување на *Кодексот на добри практики за учество на граѓанскот сектор во процесот на креирање политики*.[31] Кодексот има за цел да ја унапреди соработката помеѓу Владата и граѓанските организации преку структуирана и редовна комуникација во процесите на донесување и спроведување на политики и закони, и подобрување на квалитетот на овие процеси преку користење на експертиза од граѓанскиот сектор. За таа цел, Кодексот пропишува стандарди што треба да се применуваат во овие процеси.

Понатаму, посветеноста на Владата да постапува во согласност со *Методологијата за проценка на влијанието на регулативата (РИА)* е од основно значење, бидејќи придонесува кон транспарентност во процесот на донесување закони. Поради ова од особена важност е овој механизам да се применува ажурно и хармонизирано од страна на органите на државна управа и да се подобри нејзиното спроведување во практиката.[32] Владата исто така донесе и неколку други упатства и прирачници со цел да го подобри подготвувањето на законите , како на пример *Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони*[33] и други.[34]

Со измените на Деловникот за работа од февруари 2008 година се воведе *Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР)* кој се стреми да нуди консолидиран преглед на постоечки и предлог закони со што се овозможува транспарентност и учество.[35] Органите на државна управа се одговорни за објавување на сите предлози на закони на нивните веб-страници и на ЕНЕР, со што им се дава можност на сите засегнати страни да доставуваат коментари по предлозите и постават прашања во однос на текстовите.

---

31 Службен весник на РМ, број 99/2011.

32 За повеќе информации околу спроведувањето види Анализата на процесот на креирање на регулативите преку изготвување Проценка на влијанието на регулативата, издадено од Фондација Институт отворено општество Македонија, 2010, http://soros.org.mk/dokumenti/Analiza-RIA-MK-korekcii-02.pdf

33 Службен весник на РМ 150/2011.

34 На пример, (1) Кодекс за консултации со јавноста за време на подготвувањето на регулативата, (2) Прирачник за засегнатните страни – Со добри консултации до добри регулативи, (3) Учество на засегнатите страни во регулаторниот процес - Прирачник за јавната администрација. www.vicepremier-ekonomija.gov.mk/?q=node/275

35 ЕНЕР (http://ener.gov.mk/) претставува електронски систем кој покрај постојните прописи ги содржи и предлозите на закони на министерствата кои се во фаза на подготовка; преку ова ЕНЕР овозможува сите заинтересирани страни електронски да доставуваат коментари и предлози директно до надлежните институции.

Органите на државната управа, пред сè министерствата, во изминатите години во повеќе различни ситуации вклучија граѓански организации во нивните *работни тела*. Претставници на граѓанскиот сектор беа вклучени во работната група формирана со цел да се подготви нов закон за здруженија и фондации, за Законот за бесплатна правна помош; измените и дополнувањата на Изборниот законик; измените и дополнувањата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, законот и стратегијата за волонтерство.[36].

Владата препознава дека спроведување на правните гаранции за учество има свои предизвици во практиката. Од една страна, анализите покажуваат дека не постои еднаква практика помеѓу органите на државна управа во однос на тоа на каков начин ги вклучуваат организации во процесите на креирање политики и носење закони.  Од друга страна, граѓанските организации не секогаш имаат соодветен капацитет за да бидат активно вклучени во процесите на донесување закони. Кај нив особено недостасува поквалитетна експертска подготовка и експертиза за одредени прашања. Усвојувањето на документите претставува еден чекор кон подобрување на практиката, и Владата е посветена да ги промовира истите и да гради капацитети на органите на државна управа за да ги почитуваат и спроведуваат овие гаранции.[37]

Со цел да го зголеми учеството на граѓаните и граѓанските организации во донесување на владини одлуки, Владата го започна креирањето на веб порталот за *Е-демократија* како алатка што истовремено ќе ги зајакне и демократските процеси во државата.[38]

Граѓанскиот сектор се поактивно *учествува во процесите на Европска интеграција*. Постојат повеќе примери за вклучување на граѓанските организции во процесите на дефинирање политки и следење на Европските претпристапни фондови.  Евидентни се примери на учество на организации во подготвување на програмите за ИПА фондовите од 2008 година па наваму.  Секретаријатот за европски прашања има воспоставено и редовна пракса на организирање информативни средби со граѓанските организации. Исто така се организираат и средби за разгледување на ревизиите на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Значајно е што организациите се повеќе се вклучуваат и во комитети за

---

36 Процесот на донесување на Законот за волонтерство се промовира како пример на демократско носење на закони и политики на светско ниво. Види: Закони и практики што ги засегаат волонтерите од 2001 (Laws and Policies that Affect Volunteers Since 2001), програмата на Обединети Нации Волонтери 2009 и Развивање и спроведување на закони и политики за волонтерство (Drafting and Implementing Volunteerism Laws and Policies), програмата на Обединети Нации Волонтери 2011

37 За да се подобри ова, донесени се повеќе стратешки документи, како што е на пример - Нацрт-стратегија за Реформа на јавната администрација во Република Македонија (2010-2015 година) и Акционен план.

38 Национална стратегија за е-Влада 2010-2012, Министерство за информатичко општество и адинистрација.

следење на оперативните програми, претставници од граѓанскиот сектор учествуваат во работите на Секторскиот комитет кој претставува одговорно тело за следење на спроведувањето на Оперативната програма за регионален развој и во Секторскиот комитет за следење на оперативната програма за развој на човечките ресурси.

Претставници на граѓанскиот сектор учествуваат и во Заедничкиот консултативен комитет на Република Македонија со Економско-социјалниот комитет на Европската Унија. Заедничкиот консултативен комитет е работно тело за граѓанското општество на земјите-кандидатки за членство во Европската Унија и Европскиот економски и социјален комитет. Целта на овој Комитет е да ги набљудува односите помеѓу Европската Унија и Република Македонија од гледна точка на граѓанското општество и да ги промовира контактите и расправата меѓу претставниците на граѓанското општество на двете страни по прашања од заеднички интерес.

## *4) Вклучување во регионални и меѓународните процеси*

Владата е отворена да соработува со граѓанските организации во формулирање и спроведување на цели на надворешната политика. Во земјите во југоисточна Европа во моментот се активни вкупно 42 регионални иницијативи, а значајно е што Република Македонија се јавува како член во 39 од нив. Скоро две третини од граѓанските организации членуваат во најмалку една регионална (балканска) или меѓународна мрежа.

Владата прави напори да ги вклучи организациите во регионални инцијативи. На пример, Република Македонија се вклучи во регионалната иницијатива (Словенија, Хрватска и Црна Гора) за формирање електронска база на податоци на невладини организации *www.ngo-portal.eu* со цел унапредување на мобилноста и вмрежување на граѓанските организации преку пронаоѓање партнери и соработка со сродни организации од земјите од регионот.

Граѓанските организации соработуваат со Владата во меѓународни инцијативи. Организациите подготвуваат и *извештаи во сенка* за меѓународни договори чие спроведување се следи од меѓународната заедница и присуствуваат на настани каде се презентираат државните извештаи на меѓународно ниво. Организациите остваруваат средби со Министерство за надворешни работи кога е потребно да се изберат членови за комитети на меѓународно ниво кои работат во областа што ја застапува организацијата и министерството ги вклучува во иницијативи на меѓународно ниво. Позначајна вклученост на граѓанскиот сектор во активностите на Министерството за надворешни работи се поврзани со извештаите за состојбата со човековите права за потребите на меѓународните организации. Во текот на 2008 и 2009 година релевантни

организации беа консултирани при изработката на *Националниот извештај на Република Македонија за состојбата со човековите права*, презентиран на 5-тата сесија на работната група за Универзалниот периодичен преглед (УПП) во рамките на Советот за човековите права, како и учество на граѓанските организации во текот на 2011 во подготовката на Среднорочниот Извештај за напредокот за напредокот во спроведување на препораките на УПП..

Во септември 2011 година Владата пристапи кон Иницијативата за отворено партнерство која ја промовира отвореноста на владите во повеќе димензии, како фискалната транспарентност, пристапот на јавноста до информации, пријавувањето на приходите и имотот на високи функционери, како и учеството на граѓанскиот сектор во општествениот живот.

## 5) Економски и социјален развој и кохезија

Граѓанските организации имаат придонес во економскиот и социјалниот развој, преку *вработување* на лица во секторот, превземање активности да ги задоволат потребите на заедницата, вклучување на маргинализирани лица во и борба против сиромаштијата.

Во однос на претходните години, се забележува пад на капацитетот на граѓанските организации професионално да ангажираат и вработуваат персонал. Причина за ова може да биде нивната финансиска состојба. Според истражувањето на Цивикус, во 2009 година во 10.700 здруженија и фондации, имало 2.079 вработени, што претставувало 0,4 % од вкупниот број на вработени лица во Македонија. Ова е уште една причина да се инвестира во зајакнување на граѓанските организации.

Од друга страна, пак, се повеќе се јавуваат иницијативи кај организациите да развиваат модели на *социјално претприемништво* и постојат добри примери на вакви модели.[39] Со донесување на Законот на здруженија и фондации организациитеа можат директно или преку основање на трговски друштва да се занимаваат со економски активности. Ова е значајно за зацврствување на нивната улога во развој на претприемништвото и во оваа насока е важно да се стимулира истото и преку поволен даночен третман. Од друга страна, организациите иако се се поактивни во оваа област, кај нив нема доволно познавање за сите можности што може да ги искористат за да повеќе се развијат.[40]

---

[39] Студии на случај за социјални претпријатија и останати форми на бизниси со социјална цел: www.socialenterprise.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=54&Itemid=64&lang=mk

[40] Види: Развој и имплементација на концептот на социјално претпријатие во Македонија: Студија за потенцијалот за натамошно промовирање на Социјалното претпријатие како иновативен бизнис модел со социјални цели во Македонската економија, Центар за институционален развој и ЕУКЛИД, 2011

Граѓанските организации се повеќе се активни во *давање на услуги*, особено во социјалната сфера, но исто така во областа на здравството и образованието. Уште од 2004 година, здружение кое е воведено во регистарот што го води Министерството за труд и социјална политика може да врши работи од областа на социјалната заштита, под услови, на начин и постапка утврдени со Законот за социјална заштита. Вклучувањето на здруженијата и други граѓански организации во оваа сфера е предвидено и во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021.[41] Во Регистарот на здруженија на граѓани кои делуваат на полето на социјалната заштита, што го води ова Министерство има 53 регистрирани здруженија. Граѓанските организации се активни во областите на вработување и социјална солидарност, еднакви можности, семејно насилство, поддршка на лица со посебни потреби, маргинализирани групи, зашита на деца и слично.

Но улогата на граѓанските организации во оваа сфера сеуште не доволно оддржлива, активностите не се карактеризирани со голема разноликост на услуги и се однесуваат на ограничен круг на корисници.

Развивањето на *соработката помеѓу Владата, деловниот и граѓанскиот сектор* е од суштинско значење како за одржливоста на граѓанскиот сектор, така и за постигнување на економски развој и социјална кохезија. Поради тоа, деловниот сектор треба активно да се вклучи и да придонесува за развој на општеството, преку развој на општествено одговорни практики кои вклучуваат партнерства не само со Владата, туку и со граѓанските организации. Од друга страна, граѓанскиот сектор се повеќе е препознаен од страна на деловниот сектор како релевантен партнер и претставник на интересите на граѓаните. Постојат организации кои даваат директна поддршка на деловните субјекти во развој на нивната филантропија и општествена одговорност. Некои деловни субјекти спроведуваат заеднички проекти со граѓанските организации.[42]

Како што беше напоменато, деловниот сектор ја поддржува работата на граѓанските организации директно преку донации, или преку свои фондации основани со цел да поддржат одредени области во општеството. Од воведувањето на даночните поттикнувања со Законот за донации и спонзорства на почетокот на 2007 година, донациите и спонзорствата во јавните дејности бележат континуиран подем.[43]

---

[41] Министерство за труд и социјална политика, 2010

[42] На пример, ЕВН Македонија и четирите непрофитни организации. Организациите Центар за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) , Младински совет Охрид ,Жетва на знаење од Прилеп и Планетум од Струмица спроведува проект Училишен сервис „Разумно да ја користиме електричната енергија“. www.kids.evn.com.mk

[43] Сведочење на директорот на Управата за јавни приходи, г. Горан Трајковски, на собраниската надзорна расправа на тема „Имплементација на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности“.

| | Правни лица-донатори | Промена во однос на 2007 (%) | Дониран износ (денари) | Промена во однос на 2007 (%) |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 115 | 0 | 20 000 651 | 0 |
| 2009 | 209 | + 82 | 144 823 958 | + 624 |
| 2010, прв квартал[44] | 94 | + 227 | 59 000 329 | + 1080 |

*Табела 2: Број на организации донатори и обем на донации*

Но и покрај ова забележани се одредени области каде Законот може да се подобри за уште повеќе да го стимулира донирањето од страна на деловните субјекти и индивидуалните лица. Во таа насока посочена е потребата да се подобри административната постапка, да се хармонизира Законот со Законот за здруженија и фондации, подобрување на даночните бенефиции[45], и за таа цел во моментов се работи на подобрување на законскиот текст.

Граѓанските организации се вклучени во спроведување на *Националната Агенда за општествена одговорност на претпријатијата во Република Македонија за 2008-2012*.[46] Мерките на оваа стратегија целат да поттикнат дијалог меѓу деловнот и граѓанскиот сектор, развивање на капацитетите на граѓанските организации за дијалог со деловниот сектор за да се вклучи во нивната работа, поттикнување за вклучување на принципите на општествена одговороност на претпријатијата во визиите и мисиите на деловните субјекти. Граѓанскиот сектор е присутен во Координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата, кое тело меѓу другото, секоја година доделува Награди за општествена одговорност на претпријатијата. Воспоставувањето на Националното координативно тело се должи на Глобалниот договор на Организацијата на обединети нации и служи како пример за институционална поддршка на општествена одговорност на претпријатијата во целиот регион.

## 6) Граѓански активизам

Истражувањата покажуваат дека мал број граѓани учествуваат во граѓанскиот сектор и воопшто во други општествени активности. Околу 15% граѓани *волонтираат* во разни активности и иницијативи, а само 10% волонтираат во граѓански организации и покрај поттикнувачката правна и фискална рамка за волонтерство. Граѓаните немаат континуитет во волонтерските активности; волонтираат вкупно 10 часа годишно за различни неповрзани цели/активности. Поради тоа, важно е да се продолжи да се подига свеста кај граѓаните и особено младите за

[44] Податоците за процентуалните промени се однесуваат во однос на една четвртина од бројот на донатори, и износот на донации во 2007 г.

[45] За повеќе информации види Анализа на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Здружение Конект во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), декември 2011

[46] Министерство за економија, 2008.

можностите и користа кои граѓанскиот сектор ги овозможува со цел да се мотивира нивно поактивно учество, како и за важноста од следењето и учеството во креирање политики и донесување закони.

Иако регрутирањето волонтери не претставува масовна и широко развиена активност сепак, тоа се практикува. Граѓанските организации имаат развивано сопствени инцијативи базирани на нивните програмски потреби и приоритети, како на пример: формирање меѓународни и локални волонтерски центри, сервиси за размена на волонтери како што е Европскиот волонтерски сервис, организирање локални волонтерски акции, јакнење на капацитетите, подготвување на прирачници или водичи, организирање промотивни настани, волонтерски кампови и сл.

Имајќи ја предвид состојбата со волонтерството и определбата на Владата за регулирање на прашањето на волонтерството, во 2007 година се донесе *Законот за волонтерство*[47] кој се промовира за еден од најобрите закони во оваа област во Европа и пошироко. По донесување на Законот, а заради полесно разбирање на неговата содржина, издаден е *Водич за примена на Законот за волонтерство*[48]. Во водичот детално е објаснета содржината на Законот како и одговор на најчесто поставувани прашања во тој период.

Понатаму, во 2010 година, донесена е *Стратегијата на Владата за промовирање и развој на волонтерството (2010-2015)* чија главна цел е да обезбеди постојан развој, промовирање и јакнење на волонтерското ангажирање во Македонија. Таа предвидува формирање на Национален совет за волонтерство. Но, спроведувањето на Стратегијата не ја следи временската рамка во Акцискиот план, поради што е потребно да се направат поконретни чекори спроведувањето да се подобри.

Можеби една од причините за мал број на пријавени лица како волонтери, е праксата невработените лица да го губат статусот на невработено лице доколку основаат или се активно вклучени во работата на граѓанските организации. Констатирано е дека оваа пракса произлегува од пошироко толкување на законската регулатива во оваа област, поточно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, која не кореспондира со гаранциите кои постојат во Законот за волонтерство за невработени лица.[49]

[47] Закон за волонтерството, Службен весник на РМ бр.85/2007, Закон за изменување и дополнување на законот за волонтерство, Службен весник на РМ бр. 161/2008.
[48] Алексевска Мирјанка, Водич за примена на законот за волонтерство, публикуван од Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), 2008, http://ecnl.org/index.php?part=13publications&pubid=8
[49] За повеќе околу оваа проблематика види: Слаѓана Димишкова, Ограничувањата на слободата на здружување и дејствување во Граѓански практики 13 - Перцепција на влијанието и околината на граѓанските организации, МЦМС 2011

# IV. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ ВРЗ КОИ СЕ ТЕМЕЛИ СОРАБОТКАТА

Стратегијата ќе продолжи да ги негува вредностите и принципите кои беа основа на досегашната соработка и ќе ги надгради со цел да ја продлабочи соработката.

- ***Взаемна доверба***
  Во развојот и спроведувањето на политиките и активностите, улогите на Владата и граѓанскиот сектор се комплементарни. Нивните заеднички цели ќе бидат најефикасно остварени доколку се утврдени и спроведени врз основа на взаемна доверба за целта што се сака да се постигне и начинот како да се направи тоа. Владата се залага таа и граѓанскиот сектор да влегуваат во заеднички односи без предрасуди и со целосно разбирање за позитивната улога што ја има секоја страна во постигнувањето на заедничките цели. Содржината на ова начело ја определуваат две компоненти: совесност и јавен интерес.

- ***Партнерство***
  Успешна соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор претпоставува партнерски однос и поделба на задачите со цел поефикасно остварување на интересите на граѓаните. Принципот на партнерство подразбира соработка на рамноправни основи помеѓу сите страни со цел да се воспостави дијалог и почитување на различни мислења при дефинирање и спроведување на заедничките цели. Владата и граѓанскиот сектор ќе се надополнуваат во рамките на соодветни области, секаде каде Владата има потреба, а граѓанскиот сектор може да излезе во пресрет со сопствениот капацитет и знаење и обратно.

- ***Независност***
  Граѓанскиот сектор е слободен и независен во поставувањето на своите цели, донесувањето на одлуките и планирањето на своите активности. Владата ги почитува специфичностите што го карактеризираат секторот, особено важноста на неговата независност во претставувањето на интересите на граѓаните, спроведувањето на активностите за кои е добиена финансиска поддршка од Владата и учеството во креирање на политиките.

- ***Плурализам***
  Зацврстувањето на демократското општество зависи од почитување на начелото на плурализам, можноста за изразување на различни мислења и ставови и земање во предвид на истите во развојот на планови и политики. Владата го препознава и почитува постоењето на различни цели, вредности и интереси (афинитети) на граѓаните што се изразени преку разни видови на активности и заложби на

граѓанските организации. Владата овозможува вклучување и соработка со сите организации, без дискриминација и со посебен фокус на препознавање на интересите на маргинализираните групи.

- ***Учество***

Владата овозможува вклученост на граѓанскиот сектор во креирање на политиките со цел да бидат интегрирани интересите и предлозите на граѓаните во процесите на одлучување и спроведување. Граѓанскиот сектор со своите капацитети и ресурси придонесува кон донесување поквалитетни решенија за доброто на заедницата. Тој ги претставува различните вредности и интереси на граѓаните, преку него граѓаните добиваат информации и го изразуваат своето мислење за предложените мерки на Владата. Владата е отворена за дијалог со јавноста со цел да се подобри квалитетот на предложените политики и да се зајакне легитимноста на владината политика. Исто така Владата ќе овозможни активно вклучување на граѓанските организации со еднаква одговорност и право на одлучување во тела кои креираат политики за спроведување на соработката и развивање на граѓанскиот сектор и други тела кои ќе ја дефинираат агендата за развој на општеството и Европските интеграции.

- ***Транспарентност (јавност)***

Активностите кои се преземаат од страна на Владата и граѓанскиот сектор, во однос на програмите и плановите кои се неопходни за развој на заедничките цели, ќе бидат отворени и споделувани меѓу двете страни и кон јавноста. Владата ќе стави посебен акцент на овој принцип во однос на пристапот до информации, учеството во креирањето на јавните политики и законите и распределбата на средства.

- ***Одговорност***

Владата и граѓанскиот сектор се взаемно одговорни пред јавноста и граѓаните во спроведувањето на заедничките активности. Овој принцип, пред сè, се изразува низ залагањето на Владата и граѓанскиот сектор да ги земаат предвид изразените мислења на граѓаните при одредување на приоритетите и подготвување и спроведување на политиките. Владата и граѓанскиот сектор се обврзуваат да се водат од принципот на взаемна одговорност и при распределбата и користењето на средствата од владини извори.

- ***Еднакви можности и недискриминација***

Владата се залага за почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалните процеси и механизми. Граѓанскиот сектор по својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните како: сиромашни, жени, Роми, лица со посебни потреби и сл.

Социјалната кохезија како приоритетна област и стратешка цел на оваа Стратегија единствено може да биде достигната ако се почитуваат прнципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.

# V. СТРАТЕШКА РАМКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Во дефинирање на целите и приоритетните области на оваа Стратегија, Владата на Република Македонија се осврна на постигнатите резултати од досегашната соработка, исполнувањето на заложбите и мерките од претходниот документ, приоритетните области за соработка и потребите да се обезбеди поволна средина и да се унапредуваат условите и претпоставките за остварувањето на улогата на граѓанскиот сектор како главен преставник на интересите на граѓаните и партнер во задоволување на потребите на општеството.

## ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА 2012-2017

***Основната цел на Стратегијата е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на взаемната соработка.***

Преку оваа Стратегија, Владата се надева дека ќе придонесе кон целокупниот иден економски и социјален развој на македонското општество, вклучување на државата во Европската Унија и остварување на потребите на граѓаните и заедницата за поквалитетен живот и подобра иднина.

Стратегијата цели да обезбеди поволна средина за понатамошниот развој на граѓанскиот сектор и да создаде услови тој да биде препознаен како еден од основните актери во секое современо демократско општество и со тоа еден од основните партнери на Владата во остварувањето на општествениот развој. Развиен и оддржлив сектор може поквалитетно да придонесува кон процесите на економски развој; креирање на политиките и законите; процесите за Европска интеграција; и развој на демократијата и задоволување на потребите на заедницата.

Стратегијата цели и да го поттикне граѓанскиот активизам и вклучувањето на граѓаните во општествените процеси.

Владата преку оваа Стратегија, ќе се заложи да ги зајакне постоечките механизми за соработка. Исто така, Владата ќе отиде чекор понатаму и ќе креира нови институционални механизми и мерки со цел да ја стимулира соработката во областите каде што има можности таа дополнително да се развива.

## СУБЈЕКТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата развива мерки и цели за сорабока на Владата, органите на државна управа и граѓанските организации. Стратегијата е обврзувачки документ за Владата и органите на државната управа. Преку своите мерки, Стратегијата продолжува да ја поттикнува соработката помеѓу органите на државна управа и граѓанските организации преку тоа што предвидува директна одговорност на тие органи во спроведување на мерки и области во доменот на нивните надлежности.

Граѓанските организации се партнери на Владата и органите на државна управа во спроведување на мерките на Стратегијата. Владата препознава дека граѓанското општество е широк поим и опфаќа повеќе облици на здружување: здруженија, фондации, политички партии, верски заедници и религиозни групи, синдикати, стопански комори и други видови на здружувања помеѓу лица и организации. Оваа Стратегија го следи приодот од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007-2011 и се однесува само на здруженијата и фондациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации. Но ова не ја исклучува можноста и на другите субјекти на граѓанско општество да се приклучат на активностите или пак развиваат дирекна соработка со државните органи, здруженијата и фондациите.

Истовремено, Влада ја осознава важноста да ја негува и да продолжи да ја поттикнува досегашната соработка и вклучување на граѓанските организации во иницијативи и програми со деловниот сектор. Поради тоа дел од мерките во оваа Стратегија се однесуваат и на пошироко меѓусекторска партнерство.

Владата ја поздравува досегашната соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа со граѓанските организации и преку оваа Стратегија се стреми да постави позитивен пример за понатамошен развој на партнерство на сите нивоа.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ПО ПРИОРИТЕТИТЕ

Врз основа на анализа на ситуацијата во Република Македонија, потребите на Владата и граѓанскиот сектор, и споредбени искуства, Стратегијата ги определи следиве области како приоритет за нејзина активност во периодот 2012-2017 година.

1. Развиен и оддржлив граѓански сектор.
2. Активно учество во дефинирање политки, закони и Европска интеграција.
3. Економски и социјален развој и кохезија.
4. Зајакнат граѓански активизам и поддршка од заедницата.
5. Зајакната институционална рамка и практики за соработка.

## *Приоритетна област 1: Развиен и оддржлив граѓански сектор*

*Овозможувачка правна околина*

Со донесување на Законот на здруженија и фондации во 2010 година правната рамка се хармонизираше со европските стандари и ги постави основите за развој на мерки кои ќе ја помогнат оддржливоста на секторот. Конкретно, Законот дозволува организациите да се занимаваат директно со дејности со кои се стекнува добивка и да се здобијат со статус на организации од јавен интерес. Владата ќе превземе мерки да обезбеди остварување на законските одредби за економски активности и ќе ги измени даночните закони со цел да овозможи максимално користење на стекнатата добивка.

Владата препознава дека статусот на организации од јавен интерес е важен за развојот на секторот, меѓусекторската соработка и оддржливост на секоторот. Комисијата за организации од јавен интерес ќе биде формирана, и ќе бидат донесени сите документи за организациите да можат да се здобиваат со статусот и тој функционално се спроведува. Согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации, Владата ќе воведе соодветни даночни бенефиции. На пример, можно е да направи поврзување на бенефициите од Законот за донации и спонзорства во јавни дејности, ослободувања од оданочување со персонален данок на доход, одредени ослободувања кај данокот на додадена вредност и сл. Исто така, ќе обезбеди јасен преглед и информација за регистрираните организации со овој статус.

Функционирањето на граѓанските организации е условено и од други закони и регулативи и потребно е да се направи анализа за тоа како тие ја помагаат или отежнуваат нивната работа и да се дадат препораки за нивно подобрување. Во оваа насока, ќе се направи анализа на спроведување на Законот за сметководство на непрофитни организации со цел да се утврдат потребите за подобрување на финансиското работење и да биде соодветен на потребите и природата на граѓанските органзации. Истовремено се цели да се придонесе кон подобро следење на финансиската состојба на организациите, како и да помогне кон професионализација и отчетност во работата на организациите.

Владата препознава дека граѓанскиот сектор, како најмалку корумпиран сектор во државата, не претставува голем ризик за можни злоупотреби во функција на перење пари и финансирање тероризам. Правната рамка ги обврзува организациите да спроведат одредени мерки во оваа област. Но согласно меѓународните стандарди и препораки, обврските и казните за организациите во однос на перењето пари и финансирање тероризам треба да бидат пропорционални на големината на организацијата и да соодветствуваат на можните ризици. Земајќи ја во предвид искажаната загриженост за начинот на кој овој закон може отежнувачки да влијае на

организациите Владата ќе направи оценка на неговото спроведување и влијание, и согласно меѓународните стандарди и домашни потреби ќе изготви препораки за негово подобрување.

Генерално, со цел да се обезбеди поефикасно, конзистентно и хармонизирано спроведување на законските решенија, органите на државна управа ќе поддржат континуирано организирање работни средби за граѓански организации и за владини службеници одговорни за спроведување на законските одредби.

*Оддржливост на секторот*

Владата препознава дека со заминување на странските донатори, организациите се повеќе ќе треба да користат домашни извори на финансирање. Владата досега доделува средства од буџетот на организациите, но го осознава проблемот дека ставката треба подобро да се дефинира со цел да се одреди точен износ на средства кои ќе ги поддржат само здружнијата и фондациите. Понатаму, согласно Европските трендови, ќе се анализира можноста за одредување средства кои ќе го помогнат институционалниот развој на организациите, а не само активности поврзани со конкретни проекти. Со цел да го подобри транспарентното доделување и одговорно користење на средства, ќе ги разгледа можностите да се подобри Кодексот или да се усвои документ со обврзувачка сила. Исто така ќе се направи анализа на механизмот за следење на распределувањето на средствата и потребата да се воведе независно тело за нивна распределба (на пример, фонд/фондација согласно некои примери во регионот), како механизам за јавност и оценка на спроведените проекти од граѓанските организации.

Владата препознава дека во земјите на Европската Унија средствата од игрите на среќа се значаен извор на поддршка на активности на граѓанските организации. Со цел да го приближи македонското законодавство кон регионалните добри практики, ќе ги разгледа можностите за проширување на кругот на организации кои имаат пристап до овие средства и ќе предложи механизам како тие најкорисно да се дистрибуираат.

Исто така Владата ќе ги разгледа можностите да се искористат средства од игрите за среќа или други државни извори за кофинансирање на проектите на граѓанските организаии кои се финансирани од ИПА фондовите или од други фондови на Европската унија или регионални програми.

При дефинирање на политиките и мерките, Владата ќе води особено внимание на потребите на организациите во руралните средини за да имаат полесен пристап до фондови. Исто така ќе ги поттикнува активностите кои вклучуваат волонтери и се насочени кон маргинализираните групи.

Со овие мерки Владата ќе обезбеди постојан извор на средства, гаранции дека средствата се доделуваат согласно пропишаните правила, министерствата го спроведуваат Кодексот хармонизирано и поддршката на организациите се надополнува, како и дека поддршка е позната на сите и постојат основи за внатрешна и надворешна евалуација и подобрувања.

***Цели:***

- Зајакнување на правната рамка, хармонизирано спроведување на правната рамка и поголема активност на граѓанскиот сектор во општеството;
- Подобрување на условите за користење на добивка стекната од дејности;
- Поддршка во развојот на граѓанските организации преку даночни бенефиции;
- Зајакнување на директното финансирање и поддршка;
- Транспарентно доделување и одговорно користење на средства и подобрување на процесите на доделување средства од буџетот.

***Мерки:***

1. Следење на спроведување на Законот за здруженија и фондации; особено спроведувањето на одредбите за дејсности со кои се стекнува добивка; анализа на потребите за подобрување на одредбите или спроведувањето и активности по препораките;
2. Подготовка на прирачник/упатство/правилник за граѓански организации и органи на државна управа за користење на средства од дејности со кои се стекнува добивка и нивно следење;;
3. Конституирање на Комисијата за организации со статус од јавен интерес и донесување на внатрешни документи за нејзина работа; следење на доделување на статусот и ефектот од работата на организациите со статус од јавен интерес ; Градење на капацитети за членовите на Комисијата;
4. Формирање и објавување електронска база на податоци за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес *(поврзаност со мерка за генерална електронска база);*
5. Анализа на спроведување на Законот за сметководство на непрофитните организации, правилници и формулари и препораки и активности по препораките;
6. Анализа на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам согласно меѓународните стандарди и практики;
7. Измени на законот за данок на добивка со цел да се изземат граѓанските организации; измени на закони за данок на додадена вредност, персонален данок на доход;
8. Измена на буџетската ставка за трансфер до невладини организации;
9. Измена на Законот за игри на среќа и воведување механизам за распределба на средствата од игрите на среќа;

10. Анализа на потребите и можностите за формирање посебен механизам за институционална поддршка на граѓанските организации (фонд/фондација);
11. Предвидување на ре-грантирање во проектите поддржани од ЕУ во вид на грантови за граѓанскиот сектор од ИПА фондовите;
12. Донесување на правно обврзувачки акт за транспарентна распределба на средства од буџетот;
13. Вклучување на теми за финансирање на граѓанските организации во програмите за обука на државни службеници; подготвени прирачници и модели за финансирање согласно актите;
14. Подобрување на координацијата и финансирањето на граѓанските организации од органите на државната управа;
15. Воспоставен механизам за следење и оценување на процесот на распределба на средства од Владата и министерства; формирање и објавување на веб страница со база на податоци за здруженија и фондации корисници на средства од буџетот. *(поврзаност со мерка за генерална електронска база).*

*Носители на мерките:* Генерален секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации, Министерство за правда, Министерството за финансии, Управа за јавни приходи и други релевантни ресорни министерства.
*Период на спроведување:* Спроведувањето на активностите ќе биде започнато во 2012 година и поинтезивно ќе се спроведуваат во првиот акциски план. Активностите што ќе следуваат ќе се спроведат во вториот акциски план.

## *Приоритетна област 2: Учество во процесите на креирање политики, донесување закони и Европска интеграција*

Во повеќе стратешки документи и определби, Владата ја истакна важноста за редовно и навремено вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање политики и закони. Согласно тоа беа превземени неколку мерки со цел да се постават основи за хармонизирано вклучување на страните. Но потребни се повеќе напори за ова да се практикува навремено и од сите органи како и да се интегрираат мислења на засегнатите страни во документите. Владата ќе превземе мерки за да обезбеди редовно консултирање и вклучување на организациите од страна на органите на државна управа согласно пропишаните процедури и рокови. Со тоа ќе се придонесе кон подобрени практики на консултирање, ефективни консултации и континуирано вклучување на организациите во процесите. Во спроведување на анализи за вклучување на граѓанските организации во процесите на одлучување, ќе се разгледа и спроведувањето на Законот за лобирање и начинот на кој тој влијае на работата на организациите со цел да се подобри практиката доколку е потребно. Како краен резултат ќе се обезбедат поквалитетни

закони кои одговараат на потребите на граѓаните и заедницата, поткрепени со анализи и експертиза.

Во оваа област, Владата ќе се заложи да го поврзе спроведувањето на Стратегијата со мерките од Националната Стратегија за млади на Република Македонија, особено со мерките за активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво.

Владата се залага информатичката технологија да ја искористува максимално при комуникација со граѓанскиот сектор. Во рамки на програмите на РИА, е-демократија и механизмот на ЕНЕР Владата ќе воспостави централизиран портал за информирање и on-line консултирање кој активно ќе се користи од страна на засегнатите страни. За граѓанските организации да знаат кој е претставник во групите и да можат полесно да ги координираат своите мислења, Владата ќе воспостави датабаза на вклучените претставници од здруженијата и фондациите и истата ќе биде објавена на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации.

Владата ја препознава значајната улога на граѓанските организации како претставници на граѓаните и поради тоа ги препознава како партнери во дефинирање на политиките поврзани со Европските интеграции. Владата ќе се стреми да ја прошири досегашната соработка, и да развива партнерства во сите фази на Европските интеграции. Владата активно ќе ги вклучи граѓанските организации во овие процеси при што освен редовни средби во текот на годината, тие ќе имаат пристап и до работните тела кои ја изготвуваат НПАА, ќе ги вклучува во процесите на отворањето на поединечните поглавја од acquis-то штом ќе започнат преговорите со што и во овие процеси граѓанските организации ќе можат да помогнат со своите стручни познавања и совети на органите на државна управа.

Владата ќе соработува со секторот во дефинирање на националните развојни програми за Европската унија, во програмирање на користењето на фондовите за претпристапна помош (и по пристапот во Европската унија и во други фондови) и нивно следење. Откако Владата ќе започне програми за развојна помош, ќе развива партнерства со организациите во дефинирање на приоритетите за развојна помош и нивно спроведување.

Владата ќе ја продолжи соработката со граѓанските организации и во меѓународните иницијативи и процеси. Владата особено ќе ги вклучи организациите во иницијативата Отворено владино партнерство, како и во подготовка на извештаи, избор на лица за комитети и други активности од областа на надворешната политика.

Како резултат на овие мерки, дефинираните политки и закони ќе одговараат на потребите на заедницата и заложбите за интеграција во Европската Унија. Организациите ќе бидат редовното вклучени во процесите на планирање и програмирање и следење на спроведувањето.

Извештаите за спроведување на ратификувани меѓународни договори ќе бидат сеопфатни и збогатени со податоци и анализи од граѓанските организации.

***Цели:***

- Подобрување на условите за учество во донесување документи; Промовирање на информатичко–комуникациските технологии во процесите и зголемување на транспарентен процес на информирање и консултации со граѓанскиот сектор;
- Јакнење на партнерство во процесите поврзани со Европските интеграции;
- Соработка во подготовка на извештаи до договорните тела по ратификувани меѓународни договори и вклучување во инцијативи кон кои пристапила Република Македонија.

***Мерки:***

1. Актуелизирање и следење на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;
2. Утврдување на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни и активности по препораките;
3. Вклучување на теми за партиципативна демократија и РИА во програмите за обука на државни службеници;
4. Воспоставување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи;
5. Усвојување механизам за следење на консултациите и вклучување на граѓанските организации;
6. Формирање база на податоци за учество на граѓанските организации по области на интерес;
7. Подготовка на формулари за задолжителни консултации и објавување на примени коментари на веб страници;
8. Промовирање на порталот е-демократија пред граѓанските организации и поттикнување за негово користење;
9. Промовирање на можностите за вклучување на граѓанските организации преку информативни средби, веб страници, медиуми;
10. Формирање и објавување на електронска база на организации кои се вклучени во работни групи и тела *(поврзаност со мерка за генерална електронска база);*
11. Активно вклучување и консултирање на граѓанските организации при подготовка на НПАА (согласно темите) и преговарачките позиции за членство во ЕУ; вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работните тела за подготовка на преговарачките позиции и преговори со ЕУ;
12. Анализа за досегашната вклученост и препораки за подобрување на соработка во дефинирање на националните развојни програми за ЕУ, спроведување на препораките;
13. Дефинирање модели и критериуми за консултирање на организациите и вклучување во работни тела при подготовка на НПАА и националните развојни програми;

14. Анализа за досегашната вклученост во програмирање на користењето на фондовите за пред пристапна помош (и по пристапот во ЕУ други фондови) и нивно следење и препораки за подобрување;
15. Дефинирање на програма за партнерство во развој на приоритетите за развојна помош и нивно спроведување и механизми за соработка во оваа област;
16. Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведувње на ратификуваните меѓународни договори и континуирано исполнување на обврските на Република Македонија;
17. Вклучување на граѓанските организации во изработка и спроведување на акциониот план согласно принципите на инцијативата Отворено Владино партнерство (ОВП).

*Носители на мерките:* Секретаријат за европски прашања, Генерален секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации, Министерство за надворешни работи, ресорни министерства.
*Период на спроведување:* Спроведувањето на активностите ќе биде започнато во 2012 година и поинтезивно ќе се спроведуваат во првиот акциски план и по воспоставување на мерките чие спроведување и следење ќе се одвива континуирано. Мерката во однос на дефинирање на програма за партнерство во развој и спроведување на развојната помош ќе се спроведуваат во вториот акциски план.

## *Приоритетна област 3: Економски развој и социјална кохезија*

Владата превзема посебни мерки за развој на социјалната економија и социјалното претприемништво за да ја подобри економско социјалната состојба на граѓаните. Непрофитното претприемништво во Европската Унија и во Република Македонија се јавува во повеќе облици и се спроведува од страна на различни субјекти, меѓу кои и здруженијата и фондациите. Главната цел на овој вид претприемништво е здруженијата и фондациите својта остварена добивка да ја насочат кон остварување на мисијата и задоволување на потребите на граѓаните, без притоа да се дели профитот. Граѓанските организации во Европската Унија имаат значаен потенцијал за намалување на сиромаштијата и невработувањето, вклучувањето на маргинализирани групи, локален развој, и слично. Имајќи ја во предвид оваа важна улога на организациите во социо-економски развој, потребно е да се преземат мерки организациите да се зајакнат (финансиски и внатрешно) и да се создадат можности за поголем придонес кон заедницата. Граѓанските организации во Македонија немаат долгорочна финансиска оддржливост за да може да вработуваат луѓе, особено подологорчно и поради тоа претежно спроведуваат активности со волонтери или времено вработени лица. Од друга страна, можноста директно да се занимаваат со дејностите со кои се стекнува добивка за

финансиска одржливост на организациите е важен напредок. Владата ќе ги вклучи потребите на граѓанските организации во генералните програми за развој на претприемништво и ќе даде поддршка кон креирање на бизнис модели кои ги интегрираат економските и социјалните интереси и ќе овозможат создавање на поволна рамка за развој на социјалното претприемништво во граѓанскиот сектор.

Граѓанските организации во Македонија, особено здруженијата, се поактивни во спроведување на услуги во социјалната сфера, образованието, здравството и други области. Со цел да ги зајакне овие функции и да ги поддржи организациите во генерирање на средства за тие активности, Владата ќе превземе мерки да ги вклучи и фондациите во процесите, да овозможи поволна даночна рамка и да промовира модели и добри практики во овие области.

Односот Влада-деловен сектор-граѓански сектор е особено важен во услови кога општеството се развива и кога има потреба од дополнителни ресурси и експертиза за задоволување на проблемите на заедницата. Во земјите на Европската Унија забележано е се поактивна улога и придонес на деловниот сектор во остварување на потребите на заедницата, како и соработка со граѓанските организации во давање услуги и спроведување на проекти во јавни дејности. За таа цел, Владата ќе превземе мерки со цел да го поттикне развојот на партнерства помеѓу граѓански организации, деловен сектор и институциите. Во таа насока Владата ќе го стимулира деловниот сектор активно да се вклучи и да придонесува за развој на општеството, преку развој на општествено одговорни практики кои вклучуваат партнерства и со граѓанските организации. Во оваа насока Владата ќе предложи измени на Законот за донации и спонзорства и ќе ги вклучи потребите на граѓанските организации во спроведувањето на Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата.

Како резултат на овие мерки, граѓанските организации ќе бидат охрабрени повеќе да придонесуваат во задоволување на потребите на заедницата и активно ќе соработуваат со државните органи. Граѓанскиот сектор ќе биде активно вклучен во креирањето и дијалогот за јавни-приватни партнерства за постигнување на одржлив економски раст и социјална кохезија. Исто така ќе бидат развиени општествено одговорни практики за балансиран раст и социјална кохезија кои вклучуваат партнерства со граѓанскиот сектор. Со оглед на тоа дека постојат добри примери на соработка во овие сфери со локалните заедници, мерките што ќе се предложат ќе можат да се земат во предвид и на локално ниво.

***Цели:***

- Развој на социјалната економија;
- Зголемување на обемот на вклучување на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата;
- Поттикнување на поддршка и придонес од граѓани и деловниот сектор;

- Развивање на партнерства помеѓу граѓански организации, деловен сектор и институции за постигнување на економски и социјален развој.

***Мерки:***

1. Подигнување на свеста за социјално претприемништво кај граѓанските организации;
2. Анализа на законската рамка за социјално претприемништво;
3. Создавање на поттикнувачко правно опкружување за социјално претприемништво;
4. Анализа за спроведувањето на законската рамка за социјални услуги и препораки за подобрување;
5. Промовирање на добри практики за соработка во давање услуги пред единиците на локална самоуправа;
6. Развивање модели на социјални договори во областа на образование, здравство, култура и др;
7. Поврзување со мерки од Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата;
8. Измени на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности; следење на ефектите од Законот и вклучување мерки за подобрување;
9. Вклучување на граѓанските организации во дебати за улогата на граѓанскиот сектор во развојот на јавно-приватни партнерства;
10. Промовирање на модели на три-партитни партнерства (Влада, бизнис и граѓански сектор) во насока на економски развој и социјална кохезија.

*<u>Носители на мерките:</u>* Министерство за економија, за труд и социјална политика, за локална самоуправа, за здравство, за образование и наука, за култура, Генерален секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации, Национално координативно тело за ООП.
*<u>Период на спроведување:</u>* Спроведувањето на активностите ќе биде започнато во 2012 година и поинтезивно ќе се спроведуваат во првиот акциски план и по воспоставување на мерките нивното спроведување и следење ќе се одвива континуирано. Измените на Законот за донации и спонзорства се во тек. Дел од активностите ќе се одвиваат согласно временската рамка на мерките во Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата.

## *Приоритетна област 4: Граѓански активизам и поддршка од заедницата*

Целта на граѓанското образование е да придонесе кон развојот на заедниците што се грижат за потребите на другите, кон зајакнување на граѓанското општество и демократија, особено изразена преку партиципативност и граѓански ангажман. Истражувањата покажуваат дека вклученоста на граѓаните во здруженијата и фондациите,

допринесува за нивната граѓанска одговорност и поттикнува граѓански активизам. Од друга страна, учењето на граѓански вештини на училиште позитивно корелира со граѓанското учество што сугерира дека наставата која вклчучува учење за активно граѓанство е особено значајна за создавање на одговорна младина. Владата ќе ги поттикне иницијативите за зајакнување на граѓанското образование, мерките за неформално образование и ангажман на млади лица.

Со донесување на Законот и Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството Владата ги постави основите и рамката за поттикнување на граѓаните да се вклучат во општествените процеси преку активности на јавни и приватни субјекти. Волонтирањето е особено важно во средини каде постои невработеност, каде младите се помалку ангажирани во општествените процеси и генерацијата на постари лица е неактивна а значително може да придонесе со своето искуство. Владата ќе направи посебни залoжби да го поттикне развојот на волонтерството, особено со спроведување на мерките во Стратегијата за волонтерство.

Владата ќе превземе конкретни мерки со цел да придонесе кон зголемено образование на младите и постарите лица за граѓанското општество и поттикнување на нивниот активен ангажман. Како резултат на тие мерки, граѓаните ќе имаат зголемени разбирања за демократските процеси, граѓанските права и обврски, за можностите за учество и активно да придонесуваат преку вклучување во општествените процеси.

### *Цели*

- Поттикнување на свеста кај младите и нивно учество во секторот;
- Стимулирање и активно вклучување на граѓаните во граѓанскиот сектор и општествените процеси и воведување на системски приод за граѓанска едукација;
- Воведување на системски приод за граѓанска едукација.

### *Мерки*

1. Воведување наставни предмети во училиштата за демократија и граѓански сектор и ревизија на програмите со цел да се поттикне градење на граѓанска активност;
1. Поврзување со мерки од Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството;
2. Поттикнување волонтерски активности на возрасни лица;
3. Вклучување на граѓаните и граѓанскиот сектор во дебати за националните приоритети и Европска интеграција преку е-панели и дискусии;
4. Поддршка на активности кои вклучуваат граѓански активизам на национално и локално ниво.

*Носители на мерката:* Министерство за труд и социјална политика, за образование и наука, за локална самоуправа, за правда и други ресорни министерства, Секретаријат за европски прашања, Генерален секретаријат-

Одделение за соработка со невладини организации, Агенцијата за млади и спорт.
*<u>Период на спроведување:</u>* Спроведувањето на мерките ќе биде започнато во 2012 година и ќе се следи континуирано. Спроведувањето на првата мерка ќе се одвива во согласност со мерките во Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството.

## *Приоритетна област 5: Зајакната институционална рамка и практики за соработка*

Одделението за соработка со невладини организации е централна место за размена на информации и соработка кое ги координира активностите за соработка, известува и предлага мерки за подобрување на соработката. Со цел да ја зајакне улогата на Одделението, Владата ќе превземе мерки да обезбеди повисоко место во администрацијата и намалување на административните пречки за континуирана и флексибилна комуникација со граѓанскиот сектор. Преку овие мерки Владата ќе се приближи кон новите текови во регионот и во Европската Унија кои даваат поголемо значење на ваквите одделенија и го зајакнуваат нивното влијание во развојот на политиките за граѓанските организации. Со цел да овозможи поактивно функционирање на Одделението, Владата ќе одвојува посебни средства за спроведување на активностите, согласно годишни планови на работа на Одделението.

Веб страницата на Одделението ќе биде модернизирана, ажурирана со нови информации и ќе содржи централна датабаза. Датабазата ќе содржи информации за корисници на финансиска поддршка од Буџетот на Владата на Република Македонија и на одделните органи на државната управа, за организации со стаус од јавен интерес, за учество на организации во работни тела и учество во креирање политики.

Владата ќе превземе мерки да го подобри мехнизмот за комуникација на мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации во ресорните министерства, да се дефинираат подобро механизмите за координација на мрежата, да се утврдат јасни критериуми за избор/назначување на лица одговорни за соработка со граѓанските организации во секое министерство и да се обезбеди нивен континуиран и долгорочен ангажман.

Владата ја препознава потребата да се вклучи поактивно граѓанскиот сектор во дефинирање на политиките што го засегаат и да соработува во спроведување и следење на заеднички иницијативи. Согласно тоа, се предлага да се преземат поактивни чекори кон формирање на национално советодавно тело за дијалог составен од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓанските организации, како уште еден механизам за институционална соработка. Вакви механизми постојат во повеќе држави во Европа, вклучувајќи ги и Хрватска, Црна Гора, Словачка,

Чешка Република и други.  Формирањето на ова тело ќе биде спроведено во соработка и консултации со граѓанските организации.

Мерките што се преземаат во оваа Стратегија на инстицуионално ниво особено ќе целат да ја поттикнат соработката со организации кои работат во руралните средини, директно или преку единиците на локалната самоуправа (на пример, преку востпоставување на мрежа за споделување на добри практики и примери).

Како резултат на мерките, граѓанските организации поактивно ќе учествуваат во дефинирање на приоритетите, активни се во следење на спроведување на Стратегијата, ќе даваат предлози за подобрување на рамката.  Подобрата координација меѓу органите на државна управа и ажурирање на веб страницата на Одделението ќе придонесе кон едноставен пристап и преглед на состојбата на секторот во однос на ресурси и делување. Тоа ќе помагоне во подготвување на мерки во однос на нови подобри политики и закони кои ќе го поддрживаат граѓанскиот сектор и соработката со Владата.

***Цели***

- Зајакната институционална рамка и практики за соработка;
- Зајакнување на мехнизмот за комуникација на мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации;
- Зајакнување на мехнизмот за комуникација на мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации;
- Унапредување на мобилноста и вмрежување на граѓанските организации со организации во другите земји на регионално ниво.

***Мерки:***

1. Специјализирање на знаењето на вработените по однос на приоритетите за соработка;
2. Издигнување на Одделението на ниво на сектор;
3. Подобрување на веб страната со информации и датабази;
4. Ревизија на механизмот;
5. Воведување критериуми и мандат за избори на членови од министерствата и нивни заменици;
6. Градење капацитите на членовите;
7. Воведување на нови модели и методи на комуникација и координација;
8. Објавување на листата на членовите и замениците;
9. Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓанските организации; усвојување на сите документи потребни за работа на телото;
10. Формирање на интегрирана електронска база на податоци на граѓански организации;

11. Вклучување на Република Македонија во регионалната иницијатива (Словенија, Хрватска и Црна Гора) за формирање регионална електронска база на податоци на невладини организации *(www.ngo-portal.eu).*

*Носител на мерката:* Генерален секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации, ресорни министерства и Агенција за млади и спорт.
*Период на спроведување:* Спроведувањето на мерката е веќе започнато и неговата примена ќе се следи континуирано. Подоготовките за формирањето на советодавното тело ќе започнат во првиот акциски план, и неговото конституирање ќе се направи најдоцна во првиот период на вториот акциски план.

# VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

## ВРЕМЕНСКА РАМКА

Оваа стратегија е од среднорочен карактер, што значи дека планираните цели ќе се реализираат во петгодишен период од јануари 2012 година до декември 2017 година.

Спроведувањето на специфичните мерки на Стратегијата ќе биде овозможено преку усвојување на тригодишни краткорочни акциски планови од страна на Владата со активно учество на министерствата и граѓанските организации во дефинирање на активностите.

Акцискиот план за 2012-2014 година се усвојува со оваа Стратегија, а 2015-2017 година ќе се развие по оценка на спроведувањето на првиот акциски план.

## СУБЈЕКТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Како главни субјекти кои ќе се залагаат за исполнување на начелата, целите и мерките наведени во овој стратешки документ се Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа. Одредени државни институции ќе имаат одговорност да го помогнат спроведувањето на одредени цели (на пример, јавни установи, образовни институции).

Генералниот секретаријат - Одделение за соработка со невладини организации ќе биде одговорно за координирање на спроведувањето, подготовка на акциските планови и известување на Владата на степенот на спроведување.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА СО ДРУГИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАЛОЖБИ НА ВЛАДАТА

Во подготвувањето на оваа Стратегија, Владата ги зема во предвид постоечките стратегии кои целат да ја подобрат соработката со граѓанскиот сектор и да помогнат во развој на одредени области на негово делување. Владата ќе го координира спроведувањето на мерките од оваа Стратегија со мерките на другите стратегии и со други документа на органите на државна управа. Во поглед на ова значително е да се издвојат следниве стратегии и програми и нивните акциски планови:

Главна цел на *Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2010-2015)* е обезбедување на постојан развој, промовирање и јакнење на

волонтерското ангажирање во Република Македонија. Со Стратегијата Владата се залага да ги оствари следниве конкретни стратешки цели: (1) промовирање на волонтерството кај пошироките јавност; (2) поттикнување на културата на волонтирање во рамки на образовниот систем; (3) зголемување на нивото на волонтирање во граѓанскиот сектор; (4) воспоставување на систем на институционална поддршка на волонтерството. Во насока на остварување на институционална поддршка на волонтерството, Стратегијата предвидува формирање на Националниот совет за развој на волонтерството. Исто така се предвидуваат и следниве мерки: следење на спроведувањето на законските решенија и планираните активности и нивна евалуација; обезбедување на финансиска поддршка за проекти и програми за поттикнување и развој на волонтерството; развивање на капацитетите на државните институциите за работа со волонтери; и зајакнување на можностите за волонтирање кај младите лица.

*Стратегијата за реформа на јавната администрација (2010-2015)* има цел да ја надгради идоуреди законската и административната рамка, да ги примени концептите и стандардите на ЕУ и подобри општиот административен капацитет, како и административниот капацитет во различните сектори. Меѓу специфичните цели значајни за соработката со граѓанскиот сектор се мерките поврзани со концептот на „е-влада"и подобрување на отвореноста и транспарентноста на јавната администрација преку подобрен пристап до информации од јавен карактер и подигнување на нивото на вклученост на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки.

*Националната стратегија за е-Влада (2011-2012)* ги дефинирани главните стратешки цели и акциски план за зголемено користење на информатичка и комуникациска технологија за поефикасна јавна администрација. Со цел да го зголеми учеството на граѓаните и граѓанските организации во донесување на владини одлуки, во Стратегијата се предвидува креирањето на веб порталот „Е-демократија" како алатка што истовремено ќе ги зајакне и демократските процеси во државата.

*Националната Агенда за општествена одговорност на претпријатијата во Република Македонија за 2008-2012* предвидува мерки кои ќе поттикнат дијалог меѓу деловнот и граѓанскиот сектор, развивање на капацитетите на граѓанските организации за дијалог со деловниот сектор за да се вклучи во нивната работа, поттикнување за вклучување на принципите на општествена одговороност на претпријатијата во визиите и мисиите на деловните субјекти.

*Националната стратегија за млади на Република Македонија (2006-2016)*[50] истакнува дека „развојот и јакнењето на цивилното општество, волонтерските и општествените здруженија се неопходен чекор во промоцијата на одговорно граѓанство и гаранција за демократијата".

[50] Донесена во 2006 година

*Акциониот план за имплементација на 'Националната стратегија за млади' за 2009* година предвидува да осигура систематско, фокусирано и сеопфатно делување на актерите во младинската сфера во Македонија, а во насока на разрешување на младинските проблеми и задоволување на потребите утврдени со Основната студија за младинските трендови во земјава и националната стратегија за млади. Во рамките на националниот акционен план се опфатени осум приоритетни области и тоа: образование, младинско самовработување и поддршка пред вработување, квалитет на живеење, здравство и превенција, култура, младинско информирање, локална младинска работа и партиципација. Стратегијата особено цели да промовира активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво.

Репулика Македонија се приклучи кон *Иницијативата за отворено партнерство* која ја промовира отвореноста на владите во повеќе димензии, како фискалната транспарентност, пристапот на јавноста до информации, пријавувањето на приходите и имотот на високи функционери, како и учеството на граѓанскиот сектор во општествениот живот. Владата ќе го развие акцискиот план на оваа Иницијатива земајќи ги во предвид целите и мерките на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

## ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

За спроведувањето на мерките од Стратегијава, Владата и органите на државната управа ќе планираат средства во Буџетот на Република Македонија, во делот на буџетите на Владата и на органите на државна управа. Органите на државна управа ќе ги интегрираат мерките во своите акциски планови и ќе предвидат средства потребни за нивно спроведување.

Исто така, Владата ќе ги спроведува мерките во соработка со граѓанските оранизации и заедно со нив ќе се приклучи на веќе постоечки иницијативи и проекти или на оние што се планираат. Соработката со донаторите е значен механизам за кофинансирање и спроведување на комплементарни активности, особено во насока на градење на капацитетите на граѓанските организации за вмрежување, конструктивен придонес во консултативните процеси, давање на услуги, дијалог и комуникација со другите сектори и слично. Преку координација со донаторите ќе се постигнат поефикасни и долгорочно одржливи резултати.

# VII. РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА

Со цел да се обезбеди континуирано и хармонизирано следење на Стратегијата, Одделението за соработка со невладините организации ќе подготви *План за следење и евалуација на спроведувањето на Стратегијата.* Планот за следење и евалуација ќе содржи методологија за следење и оценка на спроведувањето. Планот, меѓу другото, ќе ги вклучува следниве мерки:

- Годишен извештај до Владата за извршените активности и постигнатите цели во спроведување на Стратегијата од страна на Генералниот секретаријат кој ќе ги сумира извештаите поднесени од органите на државната управа;
- Оценка на спроведувањето на Стратегијата изведена преку консултации со државни службеници и претставници на граѓанските организации. Резултатите од оценката ќе содржат анализа на дотогашното спроведување, информации за постигнатите цели и препораки за измена и прилагодување на Акциските планови.
- Годишни извештаи за спроведување на мерките на Стратегијата од органите на државна управа поднесени до Одделението за соработка со невладини организации
- Годишни планови: на крајот на секоја година, во месец декември, органите на државна управа одговорни за спроведување на мерките на Стратегијата, ќе доставуваат до Одделението за соработка со невладини организации активности кои планираат да ги спроведат во текот на наредната година како резултат на акциските планови на Стратегијата, со конкретен рок и субјекти со кои ќе се соработува во спроведување на мерките;
- Надлежности и улога на советодавна група за следење на спроведување на Стратегијата;
- Методологија за ревизија на Стратегијата. Методологијата ќе предвиди адаптирање на акциските планови и предлози за приоритетни мерки секоја година согласно препораките од спроведувањето и потребите;
- Методологија и рокови за развој на вториот акциски план (2015-2017);
- Методи за консултирање на граѓанските организации во процесите на оценка на спроведувањето на Стратегијата.

Извештаите и плановите ќе бидат достапни на веб страниците на органите на државна управа и на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации.

Во некои Европски земји спроведувањето на стратешките документи се одвива преку формирање на посебен механизам за соработка со граѓанскиот сектор, во вид на таканаречени совети за развој на граѓанското општество или друг вид на постојани работни тела кои

вклучуваат претставници на органите на државна управа и граѓанските тела.[51] Во таа насока, Владата ќе формира и меѓусекторско советодавно тело кое ќе помогне во следење на спроведувањето на Стратегијата меѓу другите задачи, кое истовремено ќе овозможи и директно учество на граѓанските организации во оценката на спроведувањето Стратегијата.

[51] На пример, во Летонија беше формиран совет за спроведување на меморандумот за соработка, во Естонија беше формиран заеднички комитет за спроведување на естонскиот концепт за развој на секторот, во Хрватска покрај советот за развој беше формиран и посебен комитет за следење на спроведувањето на Стратегијата, во Англија беше формирана комисија за спроведување на договорот за соработка, во Франција национален совет за спроведување на повелбата за соработка, Црна Гора совет за следење на стратегијата. За повеќе информации види, Европски практики за спроведување на документи и канцеларии што го поддржуваат развојот на граѓанското општество, (European Practices on Implementation oOf Policy Documents and Liaison Offices That Support Civil Society Development), Катерина Хаџи-Мицева Еванс, 2009

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

*Анализа на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности*, Здружение Конект во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), декември 2011

*Анализа на спроведувањето на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и препораки за негово подобрување*, Центар за институционален развој, Јуни 2010

*Анализата на процесот на креирање на регулативите преку изготвување Проценка на влијанието на регулативата*, издадено од Фондација Институт отворено општество Македонија, 2010

*Водич за примена на законот за волонтерство*, , Алексевска Мирјанка, публикуван од Европскиот центар за непрофитно право (ECNL), 2008

*Воспоставување на ефикасен координативен механизам со другите владини институции релевантни за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор*, Никица Кусеникова, 2010.

*Даночното опкружување на граѓанските организации во Република Македонија*, Македонскиот центар за меѓународна соработка, 2011

*Долг пат до поголем граѓански ангажман - Аналитички извештај, ЦИВИКУС: Индекс на граѓанското општество во Република Македонија*, изготвен од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2011

*Европска комисија: Бела книга за европско владеење*, COM(2001) 428, 24 јули 2001 година

*Европски практики за спроведување на документи и канцеларии што го поддржуваат развојот на граѓанското општество*, (European Practices on Implementation oOf Policy Documents and Liaison Offices That Support Civil Society Development), Катерина Хаџи-Мицева Еванс, 2009

*Закон за донации и спонзорства во јавните дејности – имплементација и главни предизвици, Никица Кусиникова во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ECNL)*, мај/јуни 2010

*Закони и практики што ги засегаат волонтерите од 2001 (Laws and Policies that Affect Volunteers Since 2001),* програмата на Обединети Нации Волонтери, 2009

*Заклучоци од 5тиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија,* оддржан на 18.10.2011

*Извештај за напредокот на државите од Западен Балкан, дел за Македонија,* Европска Комисија 2011

*Индекс за оддржливост на невладините организации во централна и источна Европа во 2010,* УСАИД, 2011

*Иницијатива за формирање на Одделението за соработка на Владата со невладиниот сектор во Република Македонија,* ноември 2004 година

*Извештај за прогресот на спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) за периодот јануари 2007–декември 2010 година,* Емина Нурединоска, 2010

*Национална стратегија за е-Влада 2010-2012,* Министерство за информатичко општество и адинистрација

*Ограничувањата на слободата на здружување и дејствување во Граѓански практики 13 - Перцепција на влијанието и околината на граѓанските организации, Слаѓана Димишкова,* Македонскиот центар за меѓународна соработка, 2011

*Општествената одговорност на граѓаните,* Македонскиот центар за меѓународна соработка , 2009

*Писмо од Министерот за надворешни работи на Владата на Република Македонија по повод пристапување на Р. Македонија кон иницијативата „Отворено владино партнерство“,* Септември 2011

*Презентација: Надзор врз субјектите и начини на вршење на истиот, од Петар Ристовски (03.03.2011),* Управа за спречување на пари и финансирање на тероризам

*Развивање и спроведување на закони и политики за волонтерство (Drafting and Implementing Volunteerism Laws and Policies),* програмата на Обединети Нации Волонтери, 2011

*Развој и имплементација на концептот на социјално претпријатие во Македонија: Студија за потенцијалот за натамошно промовирање на Социјалното претпријатие како иновативен бизнис модел со социјални цели во Македонската економија,* Центар за институционален развој и ЕУКЛИД, 2011

*Резолуција на Европскиот парламент за Перспективите за развивање граѓански дијалог според Лисабонскиот договор, P6_TA(2009)0007,* 13 јануари 2009 година;

*Сведочење на директорот на Управата за јавни приходи, г. Горан Трајковски, на собраниската надзорна расправа на тема „Имплементација на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности“.*

*Совет на Европа, Препорака Rec (2001) 19 на Комитетот на министри на земјите-членки за учеството на жителите во локалниот јавен живот, 6 декември 2001 година, и други.*

*Средствата од лотариите како алатка за поддршка на добри цели и граѓански организации – среќа или планиран концепт (Lottery Proceeds as a Tool for Support of Good Causes and Civil Society Organizations – A Fate or a Planned Concept?),* Катерина Хаџи-Мицева Еванс, 2011

*Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акциски план за спроведување (2007-2011)*

*Стратегија за развој и промовирање на волонтерството на Владата на Република Македонија (2010)*

*Стратегија на Град Скопје за соработка со граѓанските организации (2007).*

*Стратегија за Реформа на јавната администрација во Република Македонија (2010-2015 година) и Акционен план*

*Транспарентност и учество на јавноста во процесите на донесување закони: Компаративен преглед и проценка на состојбата во Македонија,* ОБСЕ, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Европски центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), 2010